**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# *Стратегија за демографски развој на Република Македонија 2008 - 2015*

**Февруари, 2008**

## С О Д Р Ж И Н А

Содржина 2
Користени кратенки 3
Вовед 4

ПРВ ДЕЛ:
ДЕМОГРАФСКИОТ РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
I Состојба на демографскиот развој 6

1.2 Големина, пораст, густина и дистрибуција на населението 6
1.2 Структура на населението по возраст 7
1.3 Стапки на раѓања 8
1.4 Стапки на морталитет 10
1.5 Стапка на природен прираст на населението 11
1.6 Миграциски движења 11

II Фактори на влијание на демографските процеси

1.7 Макроекономска средина, приходи и животен стандард 14
1.8 Здравствен статус на населението 22
1.9 Социјална заштита на мајки и деца 25

III Предности, недостатоци, можности и ризици 29

ВТОР ДЕЛ:
ВИЗИЈА, МИСИЈА И ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ
2.1 Визија на Стратегијата 31
2.2 Мисија на Стратегијата 31
2.3 Водечки принципи 31
2.3.(1) Применети стратешки принципи и определби 31
2.3.(2) Ефикасност на Стратегијата 32
2.3.(3) Начини и средства за спроведување на Стратегијата 32
2.4 Потенцијални ризици за успешно имплементирање на Стратегијата 33

ТРЕТ ДЕЛ:
: СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
3.1 Главна стратешка цел 34
3.2 Специфични стратешки цели 34
Специфична стратешка цел 1 35
Специфична стратешка цел 2 38
Специфична стратешка цел 3 40

ЧЕТВРТИ ДЕЛ:
спроведување И СЛЕДЕЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА
4. Претпоставки врз кои се базира спроведувањето на Стратегијата 43

4.1 Институционална рамка за спроведување на Стратегијата за демографски развој 43
4.2 Финансирање 45

4.3 Следење на спроведувањето на имплементацијата 45
4.4 Основни индикатори за следење на Стратегија за демографски развој 2008 – 2015 46
АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ 47
АНЕКС НА СТРАТЕГИЈАТА 50
СЛЕДЕЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА НА СТРАТЕГИЈАТА И ПЛАН ЗА КОНТИНУИРАНО ПОДОБРУВАЊЕ 55
ЗА КРАЈ 55
ПРИЛОГ1 56

***КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ***

| | |
|---|---|
| ***БДП*** | ***Бруто домашен производ*** |
| ***ДЗС*** | ***Државен завод за статистика*** |
| ***ЕУ*** | ***Европска унија*** |
| ***ИЛО*** | ***Меѓународна организација за работна сила*** |
| ***НВО*** | ***Невладини организации*** |
| ***МДГ*** | ***Милениумски развојни цели*** |
| ***ОН*** | ***Обединети нации*** |
| ***СЗО*** | ***Светска здравтвена организација*** |
| ***ТФР*** | ***Тотална стапка на фертилитет*** |
| ***UNDP*** | ***Програма за развој на Обединети нации*** |
| ***UNICEF*** | ***Фонд за деца на Обединети нации*** |
| ***UNFPA*** | ***Фонд за население на Обединети нации*** |
| ***МСП*** | ***Мали и средни претпријатија*** |
| ***АВРМ*** | ***Агенција за вработување на Република Македонија*** |

***ВОВЕД***

Во последните децении, Република Македонија се соочува со бројни проблеми врзани за населението, како и со бројни предизвици кои произлегуваат од постоечките економски и социјални состојби, кои имаат директно влијание врз демографските трендови во земјата. Додека стапките на раѓања се намалуваат, а со тоа се намалува и учеството на младите во целокупната структура на населението, бројот на старите луѓе сé повеќе се зголемува. Исто така, Република Македонија се соочува со изразена регионална нерамномерност во растот на населението, како и со изразени разлики помеѓу урбаните и руралните средини.

Националната стратегија за демографски развој на Република Македонија е основен документ со кој се идентификуваат приоритетните области и задачи во формулирањето на демографската политика. Овие приоритети и задачи имаат за цел да воспостават долгорочен тренд за стабилизација на природниот прираст на населението, зголемување на наталитетот, намалување на морталитетот и намалување на забрзаното стареење на населението, преку овозможување на висок квалитет на човековиот капитал, подобар квалитет на живот на секој македонски граѓанин и за секое македонско семејство и обезбедување на услови за напредок кон една социјално-кохезивна заедница на граѓани.

Оваа стратегија се однесува на целокупното население на Република Македонија и ги зема во предвид сите негови карактеристики и специфични потреби, кои во голема мера се поврзани со различните фази на човековиот живот (младост, работна возраст и пензиска возраст).

Со оглед на комплексноста на демографските прашања и неопходноста тие да се набљудуваат во рамките на сеопфатните социо-економски процеси во земјата, но и со стратешките определби кои произлегуваат од нашата меѓународна положба и аспирациите за членство во Европската унија, оваа стратегија е во согласност со клучните национални законодавни документи и истражувањето во областа на демографскиот развој: Уставот на Р.Македонија, Програмата на Владата за европска интеграција, економскиот пораст и социјалната посветеност, Националниот развоен план на Р.Македонија (2007-2009), Програмата на Владата на Р.Македонија (2006-2010), Националната макроекономска стратегија на Р.Македонија, Националана стратегија за образование, Национална стратегија за домување, Националната стратегија за здравство итн. (прилог 1)

Оваа национална стратегија е во согласност како со другите национални стратегии во државата, така и со меѓународната правна рамка на ЕУ. Стратегијата го уважува правото на човекот за индивидулно однесување и избор, во контекст на основните права на сегашното и потребите на идното население. Таа овозможува преку социо-економски развој да се создадат сеопфатни, одржливи и изедначени можности за развој на поединците. На овој начин се гарантира дека стратешките определби за демографскиот развој во Република Македонија се движат во рамките на вредностите, нормите и социјалните права кои се карактеристични за Европскиот регион и во контекст на Стратегијата за одржлив развој на Европската унија (ЕУ) усвоена 2001 и ревидирана 2006 и Лисабонската стратегија (2000), а тоа е

одржлив економски пораст со паралелно инвестирање во населението. Стратегијата е во согласност и со Националните милениумски цели за развој усвоени од Владата на Република Македонија.

Стратегијата за демографски развој  ќе служи како основа за развој на националните акциони  планови за демографски развој, во кои ќе се дефинираат специфични мерки и активности за остварување на стратешките цели и насоки содржани во оваа стратегија.

Оваа стратегијата е изработена со учество на сите значајни актери во земјата, владини институции и невладиниот сектор. Процесот на консултации со засегнати актери, како и експертска поддршка беше дадена од Фондот за население на Обединетите нации.

Во процесот на изготвување на Стратегијата беше користена и странска помош од експерти од Р.Бугарија како и од други земји кои се соочуваат со истиот проблем со цел, усогласување на  стратешките насоки на Стратегијата со важечката меѓународна рамка како насока за развој на населението на Европската унија.

## ПРВ ДЕЛ:
## ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I Состојба на демографскиот развој

#### 1.1Големина, пораст, густина и дистрибуција на населението

Според податоците од последниот попис на население, станови и домаќинства (2002), Република Македонија брои 2.022.547 жители, што е за 3,9 отсто повеќе во однос на претходниот попис (1994), а е за 43,0 отсто повисок во однос на 1948 година. Според проценките на населението од Државниот завод за статистика (ДСЗ), вкупното население во 2006 година било 2.040.228 жители.

Според проекциите (средна варијанта) на Обединетите нации (ОН) се очекува намалување на бројот на населението и тоа во 2015 да изнесува 2.037.000, во 2025 2.001.000, а во 2050 1.746.000 жители.[1] Мерено со просечен пораст на населението, од 2010 година се очекува негативен пораст од 0,04 отсто, кој континуирано ќе продолжи и во наредниот период кога се очекува намалување на населението во периодот 2007 - 2050 година за 14,4 отсто.

Густината на населението на ниво на држава изнесува 79,3 жители на км$^{2,}$ што ја сместува Република Македонија во релативно поволна ситуација. Меѓутоа, од аспект на регионалната поделеност, вредностите се помалку поволни. (Види Табела 1).

Скопскиот регион е најгусто населен со 326 жители на км$^2$, а по него следи Полошкиот регион со 128 жители на км$^2$. Наспроти нив, Вардарскиот регион е најретко населен (со 39,3 жители на км$^2$).

Ваквата регионална диференцираност го наметнува проблемот на одржливост на регионите, во поглед на нивната населеност, структура на населението како и нивните економски и социјални состојби.

Ако се има предвид дека постоењето на градски населби, во одредена мерка го релативизира впечатокот за густината на населеност, фактот дека во Пелагонискиот регион се концентрирани 5 градски населби во кои живеат 67,9 отсто од населението, во Вардарскиот регион има 4 градски населби каде живеат 69,4 отсто од населението, а во Источниот регион има дури 9 градски населби во кои живеат 65,4 отсто од населението, укажува на речиси потполна депопулација на селските средини во овие региони. Спротивно на ова, во Полошкиот регион каде што се наоѓаат само две градски населби во кои се концентрирани само 28,9 отсто од населението, лесно е воочливо дека постои густа концентрација на населението во селските населби.

Иако, од вкупно 1762 населени места само 34 имаат градски карактер, во нив се концентрирани дури 57,8 отсто од вкупното население, а само во една градска населба (градот Скопје) живее 20,5 отсто од вкупното население на

[1] United Nations (2006) World Population Prospects The 2006 Revision.

државата. Од друга страна, 141 населени места со рурален карактер целосно се депопулизирани, а слична судбина, многу скоро можат да дочекаат уште 455 населени места. Наспроти ова, 240 рурални населени места имаат повеќе од 1000 жители.

## 1.2 Структура на населението по возраст

Структурата на населението по возраст, е една од најважните аспекти на населенито, кои влијаат врз неговиот развој. Според возрасните групи, бројот на старо население е во пораст, но и неговото учеството во вкупното население, исто така. Поточно, во 1994 година учеството на населението на возраст од 0 до 14 години се намалило од 33,2 отсто на 19,2 отсто во 2006 година, со прогнози тоа континуирано да се намалува на 17,4 (2010), 15,4 (2020) и 14,4 отсто (2030). Наспроти тоа, учеството на старото население се зголемува и тоа од 8,5 отсто (1994) на 11,2 отсто (2006).

Проценките на ОН се дека во наредниот период старото население ќе се зголемува и тоа на 14,0 отсто во 2010, 17,9 отсто во 2020 година и 22,5 отсто во 2030 година. (Види: Слика 1)

***Графикон 1: Структура на населението по возрасни групи, Република Македонија: 2006-2030***




Извор:ДЗС

Од аспект на возрасната структура, Република Македонија е во релативно поволна ситуација само во однос на работноспособното население, кое е константно по своето учество и сé уште доминантно во однос на другите две возрасни групи.

Просечната возраст на населението во РМ во 2006 година изнесува 36,2 години, а прогнозите на ОН за 2050 година е дека средната вредност ќе се зголеми на 49,4, што значи дека една половина од населението ќе биде под, а другата половина над оваа возраст.

Ваквиот тренд е очекуван, со оглед на фактот дека возраста на населението е директно зависна од демографските феномени (фертилитетот, морталитетот и миграциите), а и самата влијае врз нив. Како резултат на овие процеси за помалку од шеесет години, македонското население

прескокна дури три стадиуми на демографското стареење и денес се наоѓа во состојба на демографска старост. (Види: Табела 2).

Процесот на стареење влијае врз потенцијалите за репродукција на населението. На пример, жените на репродуктивна возраст во 2006 година учествуваат со 25,8 отсто, но прогнозите се дека тоа учество ќе се намалува. Во областа на економијата, стареењето влијае врз економскиот пораст, штедењето, инвестициите, производството, работната сила, пензиите, даноците и меѓугенерациските трансфери. Во социјална смисла, стареењето влијае врз структурата на семејството и уредувањето на животот, побарувачката на домаќинството, миграционите трендови, епидемологијата и здравствената заштита.

Може да се рече, дека овој период е предизвик за оние кои ја планираат јавната политика во државите, бидејќи за да се амортизираат последиците од стареењето потребни се економски и социјални прилагодувања.

### 1.3 Стапки на раѓања или наталитет

По периодот 1948-1952 кога просечната стапка на наталитет изнесуваше цели 39,3 живородени деца на илјада жители, во годините натаму стапките покажуваат надолен тренд и тие во 2006 година изнесуваат 11,1 раѓања на деца на илјада жители.

Во однос на другите земји во Европа, Република Македонија е меѓу последните земји во која започнува демографската транзиција и карактеристично е што започнува со многу високи стапки.

Според вредностите на тоталната стапка на фертилитет (ТФР) која се смета за хипотетски или можен фертилитет и го претставува бројот на живородени деца кои се очекува една жена да ги има во текот на нејзиниот репродуктивен период, во 1971 година, ТФР изнесувала 2,98 деца по жена, а во 1981 изнесува 2,45 живородени деца по жена, што е значајно повисоко во однос на земјите од Европа за истиот период. Трендот на постојано намалување на фертилитетот е воочлив во последната деценија од дваесеттиот век, кога стапката на фертилитет во 1994 се уште била на ниво на проста репродукција на населението (2,1 живородени деца на една жена), но од тој период вредностите на ТФР имаат надолен тренд, за денес Република Македонија да се наоѓа на граница на многу низок фертилитет (ТФР под 1,5) и таканаречена сигурна зона (ТФР над 1,5).Очекувањата се, вредностите на ТФР да се намалуваат до 2015 година, а понатаму тие да се зголемуваат. (Види: Табела 3)

Од аспект на регионите во 2006 година повисоки ТФР од општо ниво има само Скопскиот регион (1,6), додека кај останатите региони вредностите на ТФР се исти или под нивото. Поточно, во Источиниот и Југозападниот регион вредностите на ТФР изнесуваат 1,3 живородени деца на жена. (Види: Табела 3)

Намалувањето на стапката на наталитет се должат на таканареченото темпо ефект или одложување на раѓањата и склучување на брак на повозрасни години. Така на пример, просечната возраст на мајките при раѓање на првото дете се зголемила од 23,5 во 1994, на 25,3 во 2006, а просечната возраст на раѓањата воопшто се зголемува од 25,8 во 1994 на 26,8 години во 2004

година.Со оглед на тоа, дека најголемиот број од живородените деца (87,5 отсто) во 2006 година се родени во брак, може да се рече дека намалување на фертилитетот се должи на одложување на стапување во брак во повозрасните години, отколку на намалување на бројот на склучени бракови. Имено, во 2006 година биле регистрирани 14.908 бракови што е за 2,7 отсто повеќе во однос на претходната година, но просечната возраст на невестата се зголемува (23,5 во 1994 а 25,2 во 2004).Постојат индикации дека одложувањето на стапувањето во брак се должи, како на отежнатите економски и социјални услови во земјава, така и на зголемување на бројот на жени кои даваат приоритет на своето образование и градење на кариера. Графиконот 2 ја илустрира транзијата на раѓања на деца според возрасните години на мајката за периодот од 1994 до 2006 година.

***Графикон 2: Моделот на специфичните стапки на фертилитетот по возраст во Република Македонија, 1994-2006***




Извор:ДЗС

До 1998 година, релативно повеќе деца (повеќе од две третини) раѓаат жените на помлада возраст: 20-24 и 25-29 години, отколку во постара. Во 2000 година раѓањата се сé уште најдоминантни во двете возрасни групи, но затоа веќе во 2006 година најголем број на раѓања (36,2%) се случиле меѓу жените кои припаѓале на возрасната група 25-29 години, 27,0 отсто на возраст 20-24 години, а на возраст 30-34 имало 21 отсто. Учеството на малолетничките породувања е 7,2 отсто, но она што загрижува е дека оние кои стануваат мајки на возраст 15-19 години имаат двапати поголема шанса да живеат во сиромаштија.[2]

Спецификите на македонскиот фертилитет се и разликата во раѓања на деца според етничката припадност на мајката. Во таа смисла, се изделуваат две групи. На една страна се жените кои имаат поголем број на раѓања (Ромки, Бошњачки, Албанки и Турчинки), а на друга страна се жените кои имат многу низок фертилитет (Србинки, Македонки, Влаинки, и групата „Останати”).

Доколку се игнорираат миграциите како фактор на механичка динамика на населението, постоечките разлики во репродуктивното однесување во земјата во иднина би предизвикало последици во рамките на обновувањето на населението. Според постоечкото ниво и белезите на диференцијалниот

[2] UNICEF, A league table of teenage births in rich nations, Innocenti Report Card No 3, July 2001, Innocenti research Centre, Florence, Italy

фертилитет иземајќи го во предвид социјалниот контекст на земјата, активностите треба да се насочат кон концептот на одговорно родителство и унапредување на репродуктивното здравје на мајката, а со самото тоа и на здравјето на децата.

## 1.4 Стапки на морталитет

Во Република Македонија, од осумдесеттите години на дваесеттиот век, се забележува пораст на бројот на умрени лица. Општата стапка на морталитет за периодот од 1994 до 2006 година се зголемил и се движи од 8,0 на 9,1 умрени лица на илјада жители. (Види: Слика 3)

***Графикон 3: Општи стапки на морталитет, Република Македонија, 1995-2006***




Извор:ДЗС

Смртноста кај мажите е повисока во однос на жените. Виталноста на земјата се намалува и тоа за истиот период според индексот на виталност од 200,3 на 122,7 живородени деца на 100 умрени лица.

Ваквиот тренд на морталитетот се должи на сé поголемото учество на старото население во вкупното, но под услов најголемиот број на умрени лица да се на постара возраст. Исто така, како можни причини се и стандардот на живот и состојбата во здравствениот сектор.

Просечната возраст на умрените лица, во периодот од кога започнува зголемувањето на стапките, нема праволински ȏд, но сепак се забележува зголемување на возраста и тоа од 65,8 години во 1994 на 69,7 години во 2004 година, со тенденција на зголемување на разликите помеѓу мажот и жената.

Регионите кои покажуваат највисока смртност, како на пример Пелагонискиот регион, има и повисока просечна возраст (70,9 години), во однос на регионите кои покажуваат пониски стапки на смртност како Полошкиот кој има 68,9 години со поизразени разлики меѓу половите (71,7 за жени и 66,5 за мажи). Очекуваното траење на животот при раѓањето, поточно хипотетскиот животен век е уште еден показател за квалитетот на животот на населението. Вредностите на овој показател покажуваат благо покачување и тоа од 73,12 (70,77 за мажи и 75,56 за жени) во периодот од 2000 до 2002 година на 73,62

(71,44 за мажи и 75,88 за жени) за период од 2003 до 2005 година, но сé уште се на пониско ниво во однос на ,,старите" 15 членки на ЕУ. Оттаму се наметнува потреба за создавање услови за зголемување на очекуваното траење на живот, кое треба да се постигне со реформите во здравството, но и со подобрување на условите за живот. Според податоците од 2002 година, прогнозите се дека очекуваното траење на живот ќе се зголемува континуирано до 2050 година. Во 2010 година се очекува жените да живеат 75,3 години (до 80,0 во 2050), а мажите до 70,8 години (до 75,0 во 2050 година).[3]

Стапката на смртност кај децата под 5 години значи колкава е можноста да се преживее од раѓањето до навршувањето на петтата година од животот. Овој показател е особено важен за развојот и добросостојбата на децата. Во 2006 година со вкупно умрени 291 дете од 0 до 4 години, стапката на смртност под 5 години во Република Македонија изнесуваше 12,9 на 1000 живородени. Проекциите на ОН се дека вредностите на оваа стапка континуирано ќе се намалуваат.

### 1.5 Стапка на природен прираст на населението

Како резултат на намалувањето на стапката на наталитетот и зголемувањето на стапката на општиот морталитет во последните 10 години, стапката на природниот прираст бележи пад од 8,1‰ во 1994 година на 1,8‰ во 2006 година. Така, природниот прираст во 1994 година изнесувал 15772, наспроти 3609 во 2006 година. Ваквото драстично намалување на природниот прираст на населението упатува на неопходност од преземање на директни и индиректни мерки на демографската политика, со кои ќе се избегне долгогодишниот тренд на намалување на стапката на природен прираст (види табела 4: Природен прираст и стапка на природен прираст на населението во Република Македонија 1994-2002).
Во однос на природниот прираст на населението, исто така, постои регионална хетерогеност, при што највисоки стапки во 2006 година имаат Полошкиот и Скопскиот регион (3,8‰), додека депопулациски карактеристики со негативен природен прираст се забележуваат во Пелагонискиот (-2,2‰) и Источниот (-1,0‰) регион. Покрај регионаланите разлики во однос на природниот прираст, се забележуваат и промени во динамиката на движењето на населението и од аспект на етничката структура. Македонците покажуваат промени од 0,2 отсто, Албанците 15,4 отсто, Турците од -0,1отсто, Ромите од 23,3 отсто и кај "останатите" е забележан негативен пораст од 4,0 отсто.

### 1.6 Миграциски движења

Република Македонија има карактер на изразито миграционо подрачје карактеризирано како со интензивни внатрешни поместувања на населението, така и со континуиран процес на иселување на населението во други држави.

[3] United Nations (2006) World Popualtion Prospects The 2006 Revision

Внатрешните миграциски текови имаат различен интензитет во одделни временски периоди и во принцип се на релацијата село-град или кон градот Скопје (како од руралните така и од урбаните населби). Најинтензивниот бран на ваквиот тип на миграции настана во периодот на индустријализацијата на државата (шеесеттите и седумдесеттите години од минатиот век). Се смета дека во овој период, повеќе од 175.000 лица ги напуштаат руралните средини за да ја побараат својата егзистенција во градските населби. Таквиот миграциски ток предизвика своевиден рурален егзодус, предимензионирање на градските населени места (особено градот Скопје) и значајни последици во процесот на демографското стареење на вкупната популација на регионално-географски план.

Со пописот на населението, домаќинствата и становите во 2002 година, регистрирани се вкупно 694.032 лица кои немаат карактер на автохтоно население ( кога се селеле), од кои 32,1% се селеле само локално (во рамките на иста општина), 56,5% се селеле од една општина во друга и 11,4% кои се доселиле од странство. (Види Слика 4)

***Графикон 4: Неавтохтоно население, Република Македонија, 2002***




*Извор: ДЗС*

Дејството на внатрешните миграции врз демографските состојби е двојно. Тоа, од една страна директно влијае на бројната состојба, територијалниот распоред и структурите на населението, а од друга страна, ги детерминира и наталитетот и морталитетот заради последиците од половата и старосната структура на населението. Последиците во деловите од кои се иселуваат се недостаток на работноспособно население и неискористен физички капитал (земја и слично), а во деловите во кои се доселуваат е вишок на работна сила, невработеност, сиромаштија, зголемена густина на население и намалување на квалитетот на животот.

Водењето на статистичка евиденција за надворешната миграција (особено емиграцијата) е сиромашна. Според постоечките анализи, базирани на официјалните пописни податоци, намалувањето на населението заради меѓународните миграции е мало. Според пописните податоци од 1994 година во странство живееле 173.611 лица. За периодот од 1989 до 1994 година 50.000 лица ја напуштиле Македонија.. Бројките говорат дека во странство (и тоа најбројни се во европските земји) живеат 35.123 граѓани од Македонија од кои 22.995 лица кои работат и живеат во странство, а останатите спаѓаат во другата група. Меѓутоа, потпирајќи се на евиденциите од земјите кои се

дестинација на овие иселеници, се проценува дека годишното ниво на иселување од Република Македонија се движи помеѓу 10 и 15 илјади лица.

Според регионите, од населението кое се иселува надвор од државата, највисоко е учеството на населението од Полошкиот и Југозападниот регион. Според пописните податоци од 2002 година, тоа се повеќе машки лица на возраст од 20 до 39 години а предоминанти се припадниците на Албанската етничка заедница.

Еден од позначајните чинители кои ги предизвикуваат овие миграциони движења е и моменталната состојба на пазарот на трудот и високиот процент на учество на младите во вкупната стапка на невработени лица.

Проблемот на долгорочната невработеност егзистира кај сите категории невработени лица, независно од возраста.

Оттаму, вработувањето на младите, вклчувајќи ги и оние со повисоко ниво на образование, останува сериозен проблем со цел намалување на младата емиграција или во светот позната како одлив на мозоци.

Емиграцијата има силно негативно влијание врз репродукцијата на населението, затоа што "извозот" на жени во фертилниот период доведува до ниско ниво на идната стапка на наталитет која се очекува не само во наредните 10 - 15 години, туку за подолг период кој доаѓа, веројатно за 40 - 50 години.

Со намалување на емиграцијата во значајна мера ќе се ублажат последиците кои го предизвикуваат процесот на демографското стареење на вкупната популација.

Превенцијата од идно емигрирање на младите луѓе наложува заеднички напори на многу институции и приод насочен кон подобрување на животниот квалитет на младите од сите аспекти (образование и квалификација, работа и професионално оспособување, семејство и деца, домашни услови за живот, личен развој, учество во граѓанското општество и др.)

## II. Фактори на влијание на демографските процеси

### 1.7. Макроекономско опкружување

Резултатите од мерките на активната демографска политика се тесно зависни од макроекономското опкружување во земјата. Претпоставка за успешна реализација на истите е макроекономска стабилност, односно предвидливо макроекономско опкружување и континуиран економски раст. Од друга страна, населението, неговиот состав и дистрибуција во голема мера влијаат на макроекономското окружување и економскиот раст, затоа што растот и конкурентноста на економијата зависат од квалитетен и функционален човечки капитал ангажиран на продуктивни работни места. Делумно актуелните состојби со одредени демографски процеси денес зависат од социо-економските случувања во РМ од минатото. Од тука би можеле да заклучиме дека макроеконмските случувања денес ќе имаат значајни импликации врз демографските индикатори во иднина.

Од периодот на транзиција кон пазарно стопанство, македонската економија доживеа рецесија. Во периодот 1991-1996 година забележани се значајни фискални дефицити, кои придонесуваа за инфлациски притисок и отежнато водење на прудентна монетарна политика. Така, во овој период забележани се и значително високи стапки на инфлација (1993 година 349,8%, 1994 година 121,8%, 1995 година 15,9%, 1996 година 3,0%).

По овој период доаѓа до стабилизирање на инфлацијата и девизниот курс, со ниска просечна стапка на инфлација од 2,4% во периодот 1995 - 2005 година и стабилен девизен курс (со една девалвација од 16% во 1997 година).

Во периодот по 1996 година, македонската економија започна да забележува позитивни стапки на раст, при што највисока стапка од 4,5% беше забележана во 2000 година. Во 2001 година забележана е негативна стапка на реален раст на БДП (бруто домашен производ) од -4,5%, а во периодот 2002–2005 година просечниот економски раст изнесуваше 3%.

Според податоците за 2006 година, БДП забележа раст од 3,7**%.** Бројните водечки показатели (leading indicators) укажуваат дека растот во 2006 година беше значително повисок (повисок раст на извозот од увозот, силен раст на кредитирање на приватниот сектор (30%), висок пораст од 8% на просечната плата, висок раст на инвестициите во машини и опрема (18%) итн.

Анализирано од аспект на **производната страна на БДП**, позитивни стапки на раст во 2006 година сезабележано во сите сектори, при што, особено висок раст е забележан во услужните сектори, финансиското посредување и транспортот и комуникациите, додека речиси нулта стапка на раст е забележана во секторите трговија, хотели и ресторани (раст од 0,1 и 0,2 процентни поени).

Сепак, остварувањата во реалниот сектор во целина се нешто пониски од проектираните, поради нискиот раст на индустријата и нискиот раст на услугите.

Анализата на **расходната страна на БДП** укажува дека повторно, најголем придонес во порастот на БДП во 2006 година има вкупната потрошувачка со 4.3 процентни поени, како и бруто инвестициите со 1,5 процентни поени. Во рамки на вкупната потрошувачка, личната потрошувачка забележа реален пораст од 5.0% (во согласност со зголемените бруто плати од 7,3%) и придонесе во вкупниот раст со 3,9 процентни поени, додека јавната

потрошувачка забележа реален пораст од 2,3% и придонесе со 0,4 процентни поени во вкупниот пораст на БДП.

**Инфлацијата, мерена преку трошоците на живот** во 2006 година, во просек изнесуваше 3,2% на годишно ниво, што говори за одредено раздвижување на економската активност (во 2005 година инфлацијата изнесуваше 0,5%). Заклучно со третиот квартал, БДП за 2007 година забележа раст од 5,1%.

Во 2007 година стапката на инфлација изнесуваше 2,3% на годишно ниво.

Неуспешното спроведување на некои од реформите, дополнето со неекономските фактори, придонесе Република Македонија, денес по 16 години од започнувањето на транзицијата да има понизок животен стандард од повеќето земји кои го изминаа истиот пат и далеку понизок од просекот на ЕУ (график 1). БДП per capita во 2005 година изнесува 2,855 USD, а за 2006 година 3,094 USD. Доколку го анализираме реалниот раст на БДП per capita во Република Македонија и истиот го споредиме со БДП per capita во земјите од регионот и просекот на ЕУ 25, ќе забележиме дека во континуитет, тој е далеку зад остварувањата на ЕУ 25, а помал е и од остварениот БДП per capita на Хрватска и Турција, кои во моментов имаат ист статус, односно се земји кандидати за членство во ЕУ, како и Република Македонија.

График 5.**БДП per capita по тековни пазарни цени**




Извор:ЕУРОСТАТ и Министерство за финансии

Развојот на новиот приватен сектор, во кој доминираат мали и средни претпријатија (МСП) беше недоволен да ги неутрализира ефектите од несоодветната приватизација на големите општествени претпријатија. Приватниот сектор не успеа да ги апсорбира отпуштените работници, што придонесе за постојан пораст на невработеноста и опаѓање на вработеноста во Република Македонија. Во услови на недостиг на домашни инвестиции кои сериозно би ја придвижиле македонската економија и покрај неопходноста од странски директни инвестиции, во периодот 1991-2006 година, вкупниот прилив на СДИ изнесуваше 1.264 милијарди EUR. Споредено со земјите во регионот, во изминатите пет години Македонија оствари просечно 72 EUR СДИ по жител, што е 3-5 пати помалку од Хрватска, Србија или Бугарија. Севкупните случувања, придонесоа за крајно неповолна состојба во социјалниот сектор со исклучително слаби резултати на полето на пазарот на труд.

Макроекономската стабилност, економскиот раст и намалувањето на невработеноста во наредните години, ќе овозможува позитивни промени во развојот на семејството, раѓањето и одгледувањето на децата.

Трендот на намалување на стапката на невработеност доведува до заклучок дека макроекономската политика на Владата на Република Македонија и

мерките предвидени во Програмата на Владата 2006-2010 започнуваат да се ефектуираат и да ги даваат очекуваните резултати.

Во Агенцијата за вработување на Република Македонија заклучно со состојбата на 30.04.2007 година евидентирани се 370934 невработени лица.

Структурата на евидентираните невработени лица, според пол се карактеризира со поголемо учество на мажите во вкупниот број на евидентирани невработени лица (216140 или 58,3%), во споредба со тоа жените кои учествуваат со 154794 лица или (41,7%).

***Графикон 6; Структура на невработените според пол***




*Извор:АВРМ*

***Структурата на евидентираните невработени лица, според старост*** *се карактеризира со релативно поголема застапеност на младите. Невработените на возраст до 30 години во вкупната невработеност учествуваат со 30,2% (111883 лица), лицата од 30-40 години со 25,3% (93739), од 40-50 години со 22,3% ( 82543), додека 22,3% (82769 лица) од невработените се на возраст над 50 години. Во однос на староснатa структура на невработените посебно треба да се истакне мошне големата застапеност на младите, како и релативно големото учество на лицата на возраст над 50 години (22,3%), кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот.*

***Графикон 7: Структура на невработените според старост***




*Извор:АВРМ*

Треба да се напомене дека проблеми за вака високиот степен на невработеност постојат и на страната на побарувачката, пред се́ поради високите трошоци за работна сила, административните бариери и се́ уште недоволната флексибилност на пазарот меѓутоа проблеми постојат и на страната на понудата, пред се́ во доменот на образованието (ниска способност за адаптација кон ново бараните квалификации и знаење)

***Структурата на евидентираните невработени лица, според степенот на образование*** е крајно неповолна, бидејќи најголемиот дел од нив се неквалификувани и полуквалификувани, односно:

- 190840 се неквалификувани и полуквалификувани (51,4%);
- 92089 се со завршено средно стручно образование (24,8%);
- 62607 се квалификувани и високо квалификувани (16,9%);
- 6450 се со вишо образование (1,7%); и
- 18948 се со високо образование ( 5,1%).
-

**Графикон 8: Структура на невработените според образование**




*Извор:АВРМ*

Стапката на активност (ILO методологија) е мошне ниска (55,8% во третиот квартал на 2007 година), со висок полов јаз, главно поради традиционалната семејна улога, посебно на жените од етничките малцинства. Ниска активност се забележува и кај младите (15-24 години). За ваква состојба основната причина е одложувањето на влез на пазарот на труд, заради неможноста за наоѓање на работа и продолжување на процесот на образование, заради зголемување на можноста за вработување и остварување на повисок личен доход. (*Види табела 5*)

Покрај позитивните трендови на годишниот економски пораст над 3%, во последните неколку години и започнатиот процес на извесно намалување на невработеноста, степенот на приходите заостануваше зад оној на земјите членки на ЕУ.

Севкупниот економски раст нé доведе до соодветно зголемување и на бројот на работните места.

Со зголемувањето на економската активност и трансформацијата на економскиот пораст во креатор на работни места, останувaат главните цели во политиката за зголемување на животниот стандард на населението и за создавање на подобри социјални и економски услови, кои би го охрабриле раѓањето и одгледувањето на деца.

Материјалниот статус и квалитетот на животот на семејството се клучни фактори во создавање на семејството и одгледувањето на децата.

Растот на македонската економија присутен во 2007 година, се очекува да продолжи и во перидот 2008-2013 година преку натамошно интензивирање на економската активност и остварување на просечната стапка на пораст на БДП во овој период од околу 6,5%. Улогата на поттикнувач на економскиот раст ќе ја понесат инвестициите и извозот, при што се очекува продолжување на инвестициската активност започната во претходните години, особено на полето на СДИ. Поради високото учество во структурата на БДП, главниот двигател врз економскиот раст ќе биде индустриското производство, а се очекува пораст и во останатите економски сектори, пред сé трговијата,

градежништвото, транспортот и комуникациите, како и секторот на финансиски услуги. Поголеми промени не се очекуваат на **полето на инфлацијата,** при што ценовната стабилност и понатаму ќе биде една од основните компоненти на макроекономскиот амбиент во овој период. Просечната годишна инфлација, мерена преку трошоците на живот, и понатаму ќе биде на ниско ниво од околу 2% до 3% и покрај значителните поскапувања на прехрамбените и енергетските производи на светскиот пазар.

Во правец на натамошно одржување на ценовната стабилност во економијата, како основна монетарна цел, ќе делува и монетарната политика. Во исто време, ќе продолжи и примената на стратегијата на таргетирање на номиналниот девизен курс на денарот во однос на еврото, со што одржувањето на стабилноста на девизниот курс на денарот ќе претставува индиректна монетарна цел. Во овие рамки, побарувачката на пари ќе се зголемува во согласност со инфлацијата и порастот на БДП, а се очекува и поинтензивно кредитирање на приватниот сектор, како еден од основните предуслови за динамизирање на економскиот раст.

Паралелно со стабилизирањето на трговскиот дефицит а следствено на тоа и намалување на дефицитот на билансот на услугите, надополнето со константно високото ниво на приватните трансфери, во периодот до крајот на 2013 година се очекува и постепено намалување на дефицитот на тековната сметка и негово позиционирање на ниво од околу 3% од БДП.

Подобрувањето на целокупниот економски амбиент, а особено зголемената економска активност на МСП**,** односно остварувањето на подинамични стапки на економски раст, ќе придонесат за пораст на вработеноста од околу 2% на годишно ниво, со истовремено намалување на стапката на невработеност. Владата во рамките на макроекономските, микроекономските и политиките за вработување, преку разни програми и проекти континуирано спроведува активни мерки за борба против невработеноста.
Новата регулатива од областа на трудот , активностите за хармонизација на законодавството, се исто така дел од мерките за обезбедување на поголема флексибилност на пазарот на трудот, кои заедно со ефектите од економскиот раст, зголемувањето на инвестициите, развојот и унапредувањето на претприемништвото, спречување и намалување на сивата економија и нејзин трансфер во легална, зајакнување на инспекцискиот надзор и контрола, воспоставување на алтернативни механизми за решавање на работните спорови, унапредување на системот на колективно договарање, и преку континуирана имплементација на активните мерки на пазарот на трудот со поголем опфат на невработените лица од разните целни групи, се очекува да бидат постигнати поголеми резултати .
За таа цел, потребно е да продолжат реформите на пазарот на работна сила, како една од клучните компоненти во процесот на подобрување на инвестициската клима во земјата. Притоа, реформите ќе опфатат намалување на административните процедури, регулативите и администрацијата, промовирање и зголемување на опфатот на лицата на флексибилни и различни форми на договори за вработување и работни ангажмани,поттикнување на вработувањето преку поддршка на претприемништвото, како и подобрување на пристапот и опфатот на невработени лица во обука и преквалификација според потребите и барањата на пазарот на трудот. Добро дизајнираните и таргетирани

програми за поддршка на пазарот на работна сила ќе можат да создадат позитивно влијание врз функционирањето на пазарот на работна сила. Исто така, ќе продолжат и реформите за понатамошно подобрување на бизнис климата во Република Македонија, во насока на подобрување на влезот, а особено излезот на пазарот, стекнување на правото на сопственост (реформа на Катастарот која се очекува да заврши до крајот на 2009 година, судски реформи во насока на забрзување на судските процеси, реформи во јавните финансии во насока на поголема транспарентност и отчетност, како и завршување на процесот на децентрализација, даночни реформи во насока на намалување на даночното оптоварување на приватниот сектор, реформи во здравството итн.

Ваквите реформи на бизнис окружувањето и подобрувањето на флексибилноста на пазарот на работна сила, несомнено ќе придонесат за исполнување на вториот Копенхагенски критериум односно „Функционална пазарна економија“).

Започнатите процеси на меѓународно интегрирање, како и очекуваните економски движења до 2013 година, ќе се реализираат само доколку успешно се заврши започнатиот процес на длабоки структурни реформи. Добар дел од предвидените решенија и мерки се неопходни за реформите, бидејќи се насочени кон двете најважни цели - зголемување на растот на македонската економија на подолг рок и ублажување на проблемот со невработеноста. Односно, од самите нас ќе зависи успешноста на Република Македонија во одржувањето на веќе започнатиот висок економски раст и интегрирањето во Евроатланските структури.

***Табела.1. Основни макроекономски индикатори за наредниот период***

| Основни макроекономски индикатори | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Реален сектор | | | | | | |
| Бруто домашен производ | | | | | | |
| - стапка на реален раст | 6,0 | 6,5 | 6,5 | 6,5 | 6,5 | 6,5 |
| - тековни цени, во милиони MKD | 364,315 | 399,635 | 437,528 | 477,617 | 521,379 | 569,150 |
| - милиони USD (номинален) | 7,468 | 8,192 | 8,868 | 9,790 | 10,687 | 11,666 |
| - милиони USD (PARE методологија) | - | - | - | - | - | - |
| - милиони EUR (номинален) | 5,954 | 6,531 | 7,151 | 7,806 | 8,521 | 9,302 |
| Инфлација (трошоци на живот, просек) | 3,0 | 3,0 | 2,8 | 2,5 | 2,5 | 2,5 |
| БДП Дефлатор | 3,0 | 3,0 | 2,8 | 2,5 | 2,5 | 2,5 |
| Плати (месечен просек, нето) | | | | | | |
| - номинален пораст | 7,5 | 8,0 | 8,5 | 8,5 | 8,5 | 8,5 |
| - реален пораст | 4,5 | 5,0 | 5,7 | 6,0 | 6,0 | 6,0 |
| Пораст на вработеноста (во %) | 4,0 | 4,0 | 4,0 | 4,0 | 4,0 | 4,0 |
| Надворешен сектор | | | | | | |
| Извоз (f.o.b), милиони USD | 3,518 | 3,918 | 4,324 | 4,774 | 5,270 | 5,818 |
| Увоз (f.o.b), милиони USD | 5,461 | 5,932 | 6,341 | 6,778 | 7,246 | 7,746 |
| Трговски биланс (милиони USD) | -1,943 | -2,014 | -2,017 | -2,004 | -1,976 | -1,927 |
| Трговски биланс (f.o.b) (% од БДП) | -26,0 | -24,6 | -22,5 | -20,6 | -18,5 | -16,5 |
| Дефицит на тековна сметка (милиони USD) | -396 | -431 | -353,669 | -353,669 | -353,669 | -353,669 |
| Дефицит на тековна сметка (% од БДП) | -5,3 | -5,3 | 3,9 | 3,6 | 3,3 | 3,0 |
| Странски директни инвестиции (милиони USD) | 403 | 495 | 443 | 443 | 450 | 460 |
| - % од БДП | 5,4 | 6,0 | 4,9 | 4,5 | 4,2 | 3,9 |
| Надворешен сектор (стапки на пораст) | | | | | | |
| Извоз (f.o.b) | 8,1 | 11,4 | 10,4 | 10,4 | 10,4 | 10,4 |
| Увоз (f.o.b) | 13,9 | 8,6 | 6,9 | 6,9 | 6,9 | 6,9 |
| Фискален сектор | | | | | | |
| Дефицит на општ владин буџет (% од | -1,5 | -1,5 | -1,5 | -1,5 | -1,5 | -1,5 |

| БДП) | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

*Извор на податоци: Министерство за финансии*

Преземените фискални реформи кои се во насока на креирање на поволна бизнис клима и ослободување на поголеми парични средства за приватниот сектор за инвестирање, од една страна, како и мерките за поттикнување на домашната потрошувачка (порастот на платите во јавниот сектор за 10%) од друга, може да предизвикаат притисоци врз инфлацијата која според песимистичкото сценарио би надминала 5%. Сепак, и ваквата стапка на инфлација нема да направи значајна штета на македонската економија земајќи ги во предвид искуствата од другите земји во транзиција.

Според вредностите на човековиот индекс на сиромаштија 55,1 отсто од населението е соочено со некоја од димензиите на сиромаштијата.[4] Додека, според анализите на монетарната сиромаштија, базирана врз приходи расходи, 33,54 отсто од населението е под линијата на сиромаштија, која изнесува 70 отсто од просечните годишни приходи на домаќинството, а на ниво на домаќинства тој број е 22,7 отсто, што се должи на сивата економија. Доколку сиромаштијата се мери според мислењето на граѓаните, линијата на субјективното ниво на сиромаштија е уште поголемо. Според анализите, само 3,1 отсто од испитаниците одговориле дека може да ги задоволат своите потреби со месечните примања, а 69,5 отсто дека може само делумно или воопшто да ги задоволат потребите.[5]

Индексот на сиромаштијата не е пресметан според региони, но доколку се следи со еден од индикаторите по кои се мери индексот на сиромаштијата, а тоа е невработеноста, највисока невработеност е во Полошкиот регион (49,9 отсто), а најниска во Скопје (30,4 отсто). Ромите се најзагрозени, бидејќи 78,5 отсто се невработени, а диспаритетите се должат на образованието, возраста, и местото на живеење. Највисоко учество на невработени млади има во Вардарскиот регион (80,6 отсто) и Северозападниот (80,3 отсто), најнизок е на Исток (65,4 отсто), но сепак е за двојно повисоко од општото ниво на невработеност. Сепак, највисока невработеност имаат руралните средини.[6]

Важни фактори поврзани со пазарот на трудот во Македонија од една страна и демографските процеси од друга страна, се учеството на образовната структура на населението, влијанието на големината на одредена општина, градските средини во споредба со селските средини, квалитетот на расположливиот човечки капитал, и старосната структура на населението.

Стапката на невработеност ( LFS- EUROSTAT) беше зголемена од 31,1% во 2001 година до 37,6% во 2005 година. Истата во 2006 година опадна на 36,3% и овој тренд продолжи и во првите два квартала во 2007 година, односно во првиот квартал таа изнесува 36,1%, во вториот квартал 35,2 и третиот квартал од 2007 година 34,5%.

Невработеноста главно ги погодува младите луѓе, луѓето со ниско ниво на квалификации, жените, со регионален диспаритет во невработеноста. Регионалната невработеност е особено висока во руралните подрачја како и

[4] UNDP (2005) Report of the Republic of Macedonia on Millennium Development Goals.
[5] УНДП, (2004) Национален извештај за човековиот развој 2004, Македонија.
[6] UNDP (2005) Report of the Republic of Macedonia on Millennium Development Goals.

во подрачјата зависни од индустрии што се особено погодени од реструктуирањето на економијата. Жените во просек имаат нешто повисока стапка на невработеност во однос на мажите. Стапката на невработеност кај жените во 2005 година изнесува 38,8%, во 2006 година 37,5%, во првиот квартал од 2007 година 36,2%, во вториот 35,7% и во третиот квартал од 2007 година 37,7%.

Во 2005 година 62,6% од младите луѓе на возраст од 15 до 24 година беа невработени, во 2006 година 59,8%. Во првиот квартал од 2007 година 59,4%, вториот квартал 55,9% и во третиот квартал од 2007 година невработеноста на младите опадна на 54,6%, но се уште останува еден од посериозните проблеми со кои се соочува земјата. Стапката на невработеноста на младите е повеќе од двапати повисока од стапката кај возрасните лица.

Вкупната стапка на невработеност на лицата на возраст од 50-64 години покажува тенденција на пораст и таа во 2005 година изнесува 27,9% , во 2006 година 28,4%, 27% во првиот квартал од 2007 година , 29,6% во вториот квартал и 29,1% во третиот квартал од 2007 година. Ова покажува дека во Република Македонија е присутна појавата на зголемување на стапката на невработеност кај повозрасните невработени лица.

Според податоците на АВРМ, состојбата на 31.12.2007 година, според степенот на образование, структурата на евидентирани невработени лица е неповолна, бидејќи најголем дел од нив се неквалификувани и полуквалификувани. Од вкупниот број на евидентирани невработени лица во АВРМ, 51,9% се неквалификувани и полуквалификувани, од кои 39,2% се жени. Квалификувани и високо квалификувани се 16,5%, од кои 31,4% се жени. Со средно стручно образование се 24,7%, од кои 48,6% се жени. Со вишо образование се 1,7%, односно 46,3% жени и со високо образование 5,2% , односно 60,2% жени.

Во изминатиот период позитивен развој се забележува и кај вработувањето. Стапката на вработување во 2006 година достигна до 39,6% и во споредба со 2005 година беше зголемена за скоро 2%. Позитивниот тренд во вработувањето се одржа и во првиот, вториот и третиот квартал од 2007 година, која достигнувајќи 40,0% , во вториот 40,7% и во третиот квартал од 2007 година 41,1%.

Исто така, во изминатиот период има тренд на зголемување и на стапката на вработеност на жените. Во 2005 година таа изнесува 30,1%, во 2006 година 30,7%, во првиот квартал од 2007 година 32,4%, вториот квартал 32,1% и во третиот квартал 32,2%.

Сето ова наведува на тоа дека тешкотиите во наоѓање работа и обезбедување на високо ниво на животен стандард и образование ги присилува луѓето да го одложат создавањето на семејството и одгледувањето на децата.
Зголемувањето на економската активност и економскиот пораст, како креатор на работни места, остануваат главни цели во политиката на подигнување на животниот стандард на населението, а понатаму и за создавање на подобри економски и социјални услови, кои би ги охрабриле во раѓањето и одгледувањето на децата.

## 1.8. Здравствен статус на населението

Здравствениот статус или здравјето на населението е поврзано со индивидуалните белези на поединците, животниот стил, социо-економското опкружување, како и достапноста на здравствените институции и квалитетот на услугите.

Искористеноста на сервисите кои нудат услуги од доменот на планирањето на семејството, како еден од показателите на нивото на здравствената заштита во доменот на репродуктивното здравје во Република Македонија, не се спроведува на организиран начин, а бројот на регистрираните посети во службите за здравствена заштита на жените е во постојано опаѓање. Според здравствената статистика за морбидитетот, најголемиот број на заболени лица се од неинфективни болести, што се должи на демографските промени, процесот на стареење на населението, но и на недостаток на превентивни мерки и начин на живот. Имено, најраспространети се срцевите заболувања и болестите на циркулаторниот систем, потоа карциномот, менталното здравје, повредите, насилството и респираторните болести.

Фактори на ризик за здравјето се пушењето, алкохолот, недоволната физичка активност, како и стресните ситуации. Секако дека нееднаквоста во пристапот до здравствените установи, нивниот квалитет и другите промени во здравствениот сектор ги погодува сиромашните и другите ризични групи во општеството. Причините се во квалитетот на животот, но и во несоодветната екипираност на кадарот за општа медицина, опременоста, стручноста и недостатокот на лекови и тоа во селските средини и во населените места во кои живее ромското население, кое се наоѓа во понеповолна состојба од другите.

Како резултат на интервенциите во здравствениот сектор, стапките на туберколоза се намалени, но се уште се на повисоко ниво од европското. Се намалиле заболувањата од туберкулоза, но и стапките на умирања од туберкулоза воопшто.

Вкупно евидентирани лица заболени од сида во 2006 година биле 96 ХИВ позитивни, од нив 69 случаи на СИДА, а 53 се умрени.[7] Најголемиот број биле мажи, а најчест начин на пренесување било преку хетеросексуалните и хомосексуалните односи, користење на дрога и хемофиличари.

Со ратификацијата на Конвенцијата на ОН за правата на децата, Република Македонија се обврза да обезбеди највисок степен на здравје и социјална сигурност на децата. Во исто време, со прифаќањето на Милениумските развојни цели, Република Македонија се обврза да ги мобилизира сите свои ресурси за остварување на прогресот на целите, меѓу кои се и целите поврзани со унапредување на здравјето на мајките и децата.

Во текот на 2006 година извршени се вкупно 108.312 посети на доенчиња во советувалиште и достигнат е просек од 4,9 посети по опфатено доенче. Пристапот на населението до овие мерки на здравствена заштита е

[7] Национална стратегија за ХИВ/СИДА 2007-2011

значително повисок во урбаните средини, поради зголемената концентрација на здравствените установи, како јавни така и приватни, во урбаните региони.

Висината на ***перинаталната смртност*** дава соодветни информации за унапредување на здравјето на бремената жена, родилката и новороденчето. Перинаталната смртност претставува важен индикатор за квалитетот на антенаталната заштита и здравјето на мајката, како и квалитетот на акушерската здравствена заштита и заштитата на новороденото после породувањето.

Во 2006 година во Република Македонија се регистрирани вкупно 201 мртвородени деца и 145 умрени новородени деца на возраст 0-6 дена, со што е достигната стапка на перинатална смртност од 15,3 на 1000 живородени деца. Стапката на перинаталната смртност во 2006 година бележи пад во однос на 2005 година (16,8‰) и е најниска во изминатиот десетгодишен период. По региони, стапката на перинаталната смртност е највисока во Вардарскиот регион (23,6%), а најниска во Југоисточниот регион (9%)

***Доенечката смртност*** е важен индикатор на социо-економските и културолошките состојби кои влијаат врз здравјето, како и индикатор на организацискиот и технолошкиот напредок на здравствената заштита. Познато е дека смртноста на доенчињата има тенденција да биде повисока во земјите каде постојат значителни нееднаквости во однос на здравствениот статус на населението и расте во земјите кои се соочуваат со социјални, културни и политички неповолни состојби[8].

Во Република Македонија стапката на смртност кај доенчињата бележи постојан пад и во 2006 година изнесуваше 11,5 на 1000 живородени. (Види слика 5)

Иако, стапката на смртност на доенчињата во Република Македонија има стабилна тенденција на опаѓање, сепак дизагрегацијата на податоците за смртноста по поединечни варијабли не се хомогени и покажуваат значајни нееденаквости по региони, како и кај поединечни социо-културни групи од населението.

***Графикон 6: Движење на стапката на смртност кај дончињата во Република Македонија во период 1996-2006 година***




| | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ‰ | 17,8 | 17,1 | 17,8 | 16,2 | 13,3 | 13,2 | 11,7 | 12,8 | 13,2 | 12,8 | 11,5 |

[8] WHO (2006) :Neonatal and Perinatal Mortality ;Country, Regional and Global estimates

*Извор: Завод за здравствена заштита на мајки и деца*

Во 2006 година со вкупно умрени 291 дете од 0 до 4 години, стапката на смртност под 5 години во Република Македонија изнесуваше 12,9 на 1000 живородени. Во структурата на умрените деца од 0 до 4 година, умрените доенчиња учествуваат со 89,3%. Стапката на смртност на децата под 5 години бележи пад и нејзиното понатамошнио намалување зависи од намалувањето на бројот на умрените доенчиња.

Смртноста на доенчињата се намалува, но индикативно е дека таа се поврзува со ниското ниво на образовани мајки, (најголем дел од мајките на децата кои умреле пред да навршат една година биле без или само со основно образование). Разликите во стапките на смртноста на доенчињата се разликуваат според населеното место (село-град), и социо-економскиот статус, а Ромите се изложени на неисхранетост, послабо здравје и повисока детска смртност.Најчести причини за смрт кај децата до 1 година се перинаталните причини и конгениталните аномалии , додека од причините за смрт кај децата од 1-4 години домонираат повредите, конгениталните аномалии,малигните заболувања и респираторните инфекции [10]

Матерналната смртност во Р.Македонија, според бројот на регистрирани смртни случаи од матернални причини долги години се одржува на ниско ниво и во 2006 година изнесуваше 4,4 на 100.000 живородени .[11] Но, сепак унапредување на здравјето на жените во репродуктивниот период, особено кај поедини ранливи популациони групи ( адолесцентки, Ромки, жени од социјално загрозени семејства и оддалечени рурални подрачја) треба да биде трајна определба во дефинирањето на јавно-здравствените приоритети.

Според дефиницијата на СЗО„репродуктивното здравје е состојба на комплетна физичка,ментална и социјална благосостојба, а не само отсуство на болести кои се однесуваат на репродуктивниот систем и неговата функција". Во согласност со горенаведената дефиниција, „репродуктивната здравствена заштита" е дефинирана како констелација на методи,техники и здравствени услуги кои придонесуваат за унапредување на репродуктивното здравје и благосостојба преку заштита и третман на репродуктивните здравствени проблеми"[12] Искористеноста на сервисите кои нудат услуги од доменот на планирањето на семејството, како еден од показателите на нивото на здравствената заштита во доменот на репродуктивното здравје во Република Македонија, не се спроведува на организиран начин, а бројот на регистрираните посети во службите за здравствена заштита на жените е во постојано опаѓање. Особено слаб интерес за совети од областа на планирањето на семејството е регистриран кај адолесцентната популација. Од вкупниот број на регистрирани први посети заради планирање на семејството во 2006 година, само 9,9 отсто во јавните здравствени установи и 12,6 отсто во приватните биле направени од адолесцентки на возраст под 19 години или со оваа мерка на здравствена заштита биле опфатени само 1,6% од адолесцентките во 2006 година.

Ниска стапка на употреба на модерните средства за контрацепција е забележана и во последното истражување на ДСЗ, (2007) во Република

---

[10] Здравствен дом на Скопје, Завод за здравствена заштита на мајки и деца ( 2006) Информација за здравствената состојба на мајките и децата во Р.Македонија во 2005 година

[11] Извор :Завод за здравствена заштита на мајки и деца

[12] ICPD Programme of Action, 1994, paragraph 7.2

Македонија, во кое само 13,5 отсто од вкупно анкетираните жени користат некаков вид на контрацепција, а само 9,8 отсто од нив користат модерни средства за контрацепција.

Ниското ниво на искористеност на постоечките служби за планирање на семејство во рамките на јавниот здравствен сектор, се потврдува и со податоците од последното истражување, кое укажува дека 33,6 отсто од жените во репродуктивниот период кои биле во брак во моментот на истражувањето (15-49 години), не можат да ги задоволат своите потреби за контрацепција и планирање на семејството.

Во текот на 2006 година, извршени се вкупно 73.541 лекарски прегледи на бремени жени, од кои 21.231 први посети и достигнат е просек од 3,4 прегледи по бремена (СЗО препорачува 4 антенатални прегледи кај секоја бремена жена). Во Република Македонија постои висок опфат на бремените жени со антенатална заштита (94,0 отсто во 2006 година).

Стапката на стручна помош при раѓање е исто така, висока и во 2006 година изнесуваше над 99,0 отсто од вкупниот број на породувања. Користењето на оваа здравствена услуга во Република Македонија е скоро универзална, и не постојат разлики во однос на региони, град, село или други социјални и културни белези на мајките на новородените деца.

Унапредувањето на репродуктивното здравје и намалувањето на диспаритетите во здравствената сосотојба кај поединечни социо-економски категории на населените и ранливите групи е особено важен аспект во креирањето на популационата политика.

### 1.9. Социјална заштита на мајки и деца

Во системот на социјална заштита постојат различни мерки насочени кон заштита на жената во текот на бременоста и мајчинството, како и грижа за новороденчето веднаш по породувањето. Отсуството од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, се дел од системот на социјалната заштита и спаѓаат во делот на придонесливите надоместоци, кои ги исплаќа Фондот за здравствено осигурување. Тоа изнесува 100 отсто од основицата на надоместок на плата, поточно во зависност од тоа колку е платен придонесот за задолжително здравствено осигурување во последните шест месеци од денот на настанување на случајот, поради кој се стекнува право на надоместок. На овој начин, се обезбедува приход и сигурност на работното место на мајките. Враќањето на старото работно место е загарантирано на мајката по завршувањето на породилното отсуство.

Во Република Македонија, мајката има право на отсуство во траење од 9 месеци (28 дена пред раѓањето), а доколку роди повеќе од едно дете отсуството трае 12 месеци. Користењето на породилното отсуство е по избор и мајката може да го прекине и пред истекот на предвидениот рок. Сепак треба да се напомене, дека овие финасиски надоместоци важат само за мајките кои се во работен однос и тоа со закон определен период од најмалку шест месеци пред породувањето. Жените кои се занимаваат со земјоделство, може да ги користат мајчинските додатоци само доколку се регистрирани и кои активно се занимаваат со земјоделска дејност и се социјално осигурани.

Нема посебни политики кои се поврзани со отсуство на таткото за време на раѓањето на детето или подоцна. Имено, платениот одмор за раѓањето на дете не се одделува специфично од некои други случувања во семејството. Според Законот за работни односи член 136 „Работникот има право на платен одмор заради лични и семејни околности (за склучување на брак, раѓање на дете (само за таткото) и/или смрт на близок роднина), до седум работни дена."

**Детски додаток** е право на детето кое може да го оствари еден од родителите, државјанин на Република Македонија, со постојано место на живеење во Републиката, за дете државјанин на Република Македонија кое е на редовно школување во зависност од возраста на детето и материјалната состојба на семејството, како и другите услови утврдени со Законот за заштита на децата, родителот да е во работен однос.

Право на детски додаток, може да има дете до наполнување на 18 годишна возраст, ако просечните месечни приходи и примања во семејството на детето по член на семејството не го надминуваат граничниот износ од 16% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во првата половина од претходната година, односно 32% од просечната плата исплатена по вработен и висината на детскиот додаток изнесува 4,60% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во првата половина од претходната година за дете до 15 години возраст, односно додека е редовен ученик во основно училиште; односно 7,30% за дете од 15 до 18 години живот, односно додека е редовен ученик во средно училиште. При тоа, вкупниот месечен износ на детски додаток за децата за кои родителот го остварил правото, изнесува најмногу 1.800,оо денари.
Имајќи го во предвид сегашното законско решение за стекнување на правото на детскиот додаток од една страна, како и местото и улогата на ова парично право во подигањето и развојот на детето, може да се констатира дека ова право во сегашни услови има многу ограничена социјална функција и тоа само за одреден круг на деца чии родители се во работен однос или остваруваат право на работен однос. Со цел да се надмине оваа „неправда", со измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата, предложена е измена на законското решение во насока правото на детски додаток да го добиваат сите деца од семејства чии приходи по член на семејството изнесуваат до 15% од просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија исплатена во претходната година, утврдена од Државниот завод за статистика, додека за дете на самохран родител пресметковниот приход ќе се зголеми за 75%. Примената на оваа определба засега, заради потребата од дополнителни финансиски средства е со одложена употреба.

Правото на **посебен додаток** се исплаќа за дете со специфични потреби кое има пречки во менталниот или телесниот развој или комбинирани пречки до 26 годишна возраст, ако детето е државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Републиката. Ова месечно парично давање не е врзано со материјалниот цензус на семејството и се исплаќа во висина од 27,0 отсто од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во првата половина од претходната година.

**Помошта за опрема на новороденче** се обезбедува за прво новородено дете како еднократна помош на семејството.
Висината на помошта за опрема на новороденче се пресметува во зависност од утврдената основица за помошта за опрема на новороденче и според просечниот месечен приход на семејството на подносителот на барањето за остварување право на помош за опрема на новороденче за првороденото дете остварен во претходните три месеци пред поднесување на барањето.
Основицата за утврдување на висината на ова право изнесува 25% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во првата половина од претходната година, меѓутоа, износот на помошта се зголемува , односно се намалува во зависност од остварениот просечен месечен приход на семејството во претходните три месеци пред поднесување на барањето.

**Партиципацијата** како право треба да се исплаќа на семејство, во зависност од материјалната состојба на семејството за трошоците на семејството за згрижување и воспитување ,одмор и рекреација на децата во јавните установи за деца.За жал ова право по правило не се исплаќа заради ограничените финансиски можности.

**Згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст** е облик на заштита на децата која како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитување, образование, спортско-рекреативни, културни-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 годишен живот, односно до вклучување во основното образование а се обезбедува и остварува во детска градинка. Одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца, под услови и на начин утврдени со Законот, можат да вршат правни и физички лица.

Дејноста на детските градинки се остварува преку организирање и спроведување на програми кои според времетраењето на програмата се програми за: целодневен престој, полудневен престој и скратени програми, пилот програми, програма за продолжен престој, вонинституционални форми на активности со деца. Изборот на програмата која ќе ја посетува детето, ја прави родителот и во зависност од програмата влегува во цената на чинење.

Моменталната состојба на бројот и распространетоста на јавните установи за деца – детски градинки, што е направена според седиштето на јавната установа, согласно со Одлуката за мрежата на јавните установи за деца – детски градинки на Владата на Република Македонија, регистрирани се 51 јавна установа за деца лоцирани во 40 општини, дополнително уште во 7 општини се организира згриживање и воспитување на деца во објекти кои припаѓаат на друга општина , како и во 1 општина во која згрижувањето и воспитувањето се остварува во други просторни услови. Ако се има во предвид дека на подрачјето на Република Македонија се органзирани 84 единици на Локалната самоуправа без да се анализираат помалите единици – населени места, укажува дека покриеноста на Република Македонија со објекти за згрижување и воспитување на децата не задоволува.

Исто така, не задоволува состојбата со расположливиот капацитет во детските градинки, наспроти бројот на деца во државата кои ѝ припаѓаат на групата  на деца кои можат да се згрижат во детските градинки,( деца  до 6 годишна возраст), што е околу 164.000 деца и бројот на згрижени деца во постојната мрежа на јавни установи- детски градинки кој се движи околу 21.000. Тоа значи дека бројот на децата изнесува само 12,8 отсто, што е многу мал процент со оглед на тоа дека овој сегмент на воспитание и образование не е задолжителен , но е многу важен во развојот на личноста на децата и нивната социјализација.

Вкупниот расположлив  капацитет во јавните установи за деца – детски градинки изнесува 22.472 место, а во истите, бројот на згрижени деца изнесува 21.155 деца, со што стапката на искористеност е 94 отсто. Меѓутоа, ако се анализира состојбата на искористеност на капацитетот на ниво на општини, односно на ниво на јавни установи , ќе се види дека некаде оваа стапка е под 50 отсто, додека во други, бројот на згрижени деца е многу поголем од постоечкиот капацитет.

Одморот и рекреацијата на децата  во основа се  остварува во детско одморалиште, но може да се вклучат и други форми на организирање на ова право. За жал, од мрежата на детски одморалишта кои функционираа порано, денес функционира само едно.

Други облици на заштита  се однесуваат на активности од областа на културата, издавачката, згрижувачката и воспитната дејност, екологијата, уметноста, рекреативните и слободните активности, со цел  развој на личноста на детето, талентот, менталните, физичките, креативните и др. способности, како подготовка за самостоен и одговорен живот, а по потреба се преземаат посебни програми.

## III . Предности, недостатоци, можности и ризици

Преку анализата на слабостите и предностите, се препознаваат позитивните и негативните фактори кои влијаат врз остварувањето на насоките и определбите кон непречен демографски развој на земјата, заснован врз принципите на еднаквост и еднакви можности, развој на човечкиот капитал и социјална кохезија. Оваа анализа помага исто така да се видат кои се мерките што треба да се преземат за воспоставување на рамнотежа помеѓу внатрешните предности и надворешните можности.

| **Предности** | **Слабости** |
|---|---|
| ▪ Добра географска позиција на земјата.<br>▪ Релативно поволна густина на населението.<br>▪ Постоење на потенцијали за унапредување на квалитетот на човечките ресурси.<br>▪ Постоење на можности за користење на т.н. демографски бонус (се уште е поголемо учество на работноспособното население во однос на категоријата младо и старо население).<br>▪ Реформи започнати во најголем број од секторите.<br>▪ Воспоставени правни основи за демократско и отворено општество. | • Диференцираност по разни основи (географска, етничка, социјална) на населението во однос на демографските показатели (фертилитет, морталитет, миграции, возрасната структура) од аспект на регионална и етничка основа.<br>• Регионални разлики во економскиот и социјалниот развој.<br>• Зголемување на учеството на старите лица и намалување на учеството на младото население во вкупната популација.<br>• Поизразени емиграциони движења.<br>• Социјална поларизација на населението.<br>• Незадоволувачки капацитети на установите за грижа на деца (детски градинки).<br>• Нееднаков пристап до предучилишно, основно и средно образование.<br>• Несоодветна достапност на здравствените и социјалните сервиси за унапредување на општото здравје, како и здравјето на жената и растот и развојот кај децата.<br>• Недоволна информираност за достапност на услугите од областа на планирање на семејството.<br>• Ниско ниво на образование на мајките (родителите) кои покажуваат повисоки стапки на раѓања.<br>• Висока стапка на перинатална смртност и смртност на доенчињата кај одредени социјални групи.<br>• Изразити внатрешни миграциони движења потикнати од општествено-економските разлики.<br>• Ниска способност на адаптација на образованието кон новите занимања.<br>• Непотполна опфатеност на населението со системот на социјална заштита и негова |

| | |
|---|---|
| | неефикасност.<br>• Ограничувања во поглед на правото на надоместоци за деца. |
| **Можности**<br>• Интеграција во ЕУ.<br>• Вклучување во фондовите на ЕУ.<br>• Соработка со дијаспората.<br>• Пуш фактори за воведување на норми и стандарди на ЕУ со кои се обезбедува квалитет во образование, здравство, вработување согласно со Лисабонската стратегија.<br>• Јака политичка волја за спроведување на реформите.<br>• Успешна имплемнетација на постоечките стратегии во областа на образованието, здравството, вработувањето, родовата еднаквост, и стратегијата и акционите планови за Ромите..<br>• Зголемување на свесноста на населението од потребата за повисоко обазование, за да се одговори на барањата на пазарот на работна сила<br>• Развивање на концептот на одговорно родителство<br>• Унапредување на репродуктивното здравје на мајката<br>• Активна економска политика за подобрување на квалитетот на животот.<br>• Оптимално комбинирање на семејството и професионалниот живот на родителите посебно на мајката<br>• Проширување на правото за социјална помош и детски додатоци. | **Ризици**<br><br>• Забрзување на процесот на стареење на населението.<br>• Забрзан процес на намалување на природниот прираст на населението.<br>• Се поголема социјална и регионална поделеност<br>• Невработеност, сиромаштија и степен на животен стандард<br>• Недостаток на инвестиции за изградба на потребната инфраструктура. |

## ВТОР ДЕЛ:

## ВИЗИЈА, МИСИЈА И ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ

### 2.1 Визија на Стратегијата

Стратегијата ќе овозможи во Република Македонија да се воспостават услови за одржлив демографски развој базиран врз подобар квалитет на животот и благосостојба за секој поединец и секое семејство, независно од местото на живеење, родовата, старосната и етничката припадност на граѓаните, уживајки го притоа човековото право на индивидуален избор и однесување и имајќи ги предвид потребите на сегашните и идни генерации.

### 2.2 Мисија на Стратегијата

Со оваа стратегија сакаме да постигнеме подобрување на квалитетот на човечкиот капитал, негов одржлив раст и рамномерна дистрибуција на човечкиот капитал на целата територија и зголемување на социјалната кохезија помеѓу различните групи на население во земјата.

Државата ќе ја постигне таа цел преку овој стратешки документ, со што ја искажува својата цврста определба за достигнување на вредносните параметри и социјални права карактеристични за земјите од Европскиот регион.

Владата на Република Македонија, преку ресорните министерства и други надлежни институции, преку акциони планови и конкретни мерки и политики, ќе овозможи услови за непречен демографски развој на земјата.

Преку реализација на акционите планови, ќе се постигне намалување на социјалните разлики по било која основа и создавање на услови за развој на човековиот потенцијал и негов постојан придонес кон зголемување на социјалното заедништво.

Акционите планови ќе овозможат услови за зголемување на природниот пораст на населението и намалување на внатрешните и надворешните миграции и други социјални феномени кои влијаат негативно на демографските состојби во земјата.

### 2.3 Водечки принципи

Успешното спроведување на Стратегијата бара придржување до принципи кои ќе овозможат успешна реализација, со што ќе се гарантира ефикасно и општествено прифатливо спроведување на истата.

#### *2.3.(1) Применети стратешки принципи и определби*

Успешно применетите принципи и нивното почитување ќе овозможи да бидат постигнати следниве ефекти:

- **Воведување на нови насоки во популационите политики** преку почитување на концептот на човекови права вклучувајќи го правото на слобода и информирност, недискриминација, еднаков достап до репродуктивното здравје и правата на жената, недискриминаторски однос кон малцинствата и ранливите групи.
- **Еднаквост** – Сите групи на население ќе бидат подеднакво вклучени
- **Трајност на резултатите** – Остварување на поставените цели преку успешно реализираните акциони планови со што ќе се овозможи континуираност и долготрајност на постигнатите резултати.

### *2.3.(2) Ефикасност на Стратегијата*

Ефикасноста на Стратегијата ќе биде оценета според обемот на постигнување на следниве показатели:

- **Континуитет** - обезбедување на континуитет во остварување на Стратегијата без да се земат предвид политичките или други општествени промени;
- **Заштита** - планирање на мерки и активности за совладување и/или ограничување на дејството на факторите што имаат негативно влијание врз процесот на демографскиот развој;
- **Успешност** - усогласување на целите, приоритетите, планираните мерки, специфичните програми и очекуваните резултати со реалните општествени потреби;
- **Доследност** - обезбедување на координација, меѓусебна посветеност при реализација на целите на Стратегијата за демографски развој.
- **Рационалност** - постигнување оптимални резултати преку оправдани финансиски трошоци.
- **Контрола на имплементацијата -** прифаќање на релевантни сугестии и тековна контрола во насока на успешност на остварување на Стратегијата.

### *2.3.(3) Начини и средства за имплементација на Стратегијата*

- **Промоција, почит и заштита на човековите права** во согласност со меѓународните конвенции и планови за акција, вклучувајќи ги и правата на еднаквост, недискриминација по ниедна основа, право на слободно одлучување за бројот на деца, право на еднаков пристап до репродуктивното здравје, право на слобода и информирност, право на образование и работа.
- **Долгорочно планирање, континуитет на работа и одржливост на интервенциите и резултатите** - овозможување на континуирано и долготрајно планирање, реализација на активностите. Трајност на резултатите без оглед на политички или други општествени промени кои можат да се појават.
- **Меѓусекторска соработка и соработка со невладиниот и приватниот сектор** заснована на принципите на транспарентност и партнерство;

- **Промовирање на поголема вклученост на локалните институции**, низ постојана координација и соработка на надлежните институции на локално ниво.
- **Законска валидност** – измени и дополнувања на постоечката законска регулатива во насока на спроведување на целите од Стратегијата.
- **Јавно-приватно партнерство** - активно и координирано учество на владините органи, граѓаните и бизнисот во реализацијата на демографската политика;
- **Промовирање на семјството како основна компонента на опшеството-**активни политики во насока на поддршка на семејството

### *2.4 Потенцијални ризици за успешна имплементација на Стратегијата*

Ризици кои можат да предизвикаат пролонгирање на реализацијата на активностите од Стратегијата ако не се обезбеди превентивно спречување на нивното реализирање се:

1. *Неинформираност на населението за мерките од Стратегијата*
   - Превентива: масовни акции и кампањи за информирање и популаризација на стратешките мерки
2. *Незаинтересираност на локалната самоуправа за спроведување на активностите предвидени со Стратегијата*
   - Превентива : информирање, консултации и вклучување на локалната самоуправа во осмислување, реализација и следење на реализацијата на што повеќе стратешки мерки
3. *Непоткрепеност на активностите со соодветни финансиски буџети*
   - Превентива : синхронизација и усогласеност на процесот на планирање со обезбедување на неопходно потребни финансиски средства
4. *Непочитување на временската рамка предвидена во акционите планови*
   - Превентива: развој на капацитети за квалитетен проектен менаџмент во реализација на стратешките мерки со почитување на принципите на "отчетност" на сите релевантни фактори/реализатори на Стратегијата
5. *Нестабилна политичка или економска состојба во државата*
   - Превентива: ефикасно следење на состојбите и во случај на потенцијално влошување на истите да се обезбеди политички консензус, при што сите политички партии подеднакво ќе го разберат предизвикот од Стратегијата, заради нејзино успешно спроведување, како и преземање на заеднички мерки и одговорности за непречено спроведување на истата.

## ТРЕТ ДЕЛ: СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### 3.1 Главна стратешка цел

**Одржлив демографски развој на населението во Република Македонија преку подобрување на квалитетот на човечкиот капитал, намалаување на разликите по разни основи и зголемување на социјалната кохезија.**

### 3.2 Специфични стратешки цели

1. **Забавување на стапката на намалување на населението и создавање на услови за одржлив демографски развој на земјата;**
2. **Намалување на регионалните демографски диспаритети и создавање на одржлива територијална дистрибуција и квалитет на живот на населението;**
3. **Намалување на постоечките разлики и нееднаквостите помеѓу населението со цел да се зголеми социјалната кохезија**

**Првата цел (1.) ќе се исполни** со преземање мерки кои ќе го стимулираат природниот пораст на населението, пораст на очекуваното траење на живот, намалување на моратлитетот, а особено на мајките и децата и создавање на услови за намалување на миграциските процеси.

**Втората цел (2.) е насочена кон** преземање на мерки кои ќе го подобрат нивото на образование, вработување, социјален статус на населението, а со тоа ке се создадат услови за задржување на населението во своето место на раѓање и намалување на миграционите притисоци кон постигнување порамноправно територијално распределување на населението и изедначување на социјалните и економските услови и квалитетот на живеење во различните региони, како во градовите така и во селата. Напорите и мерките ќе се стремат кон забавување на процесите на депопулација во голем број села; управување со појавата на концентрирање на населението во главниот град и одредени региони, подобрување на животната средина и околина.

**Третата цел (3.) е насочена** кон намалување на разликите помеѓу населението засновани врз родова, етничка, социјална и територијална припадност, а со што ке се зголеми еднаквоста и социјалната здруженост и кохезија во земјата. На таков начин ќе се создадат услови за непречен демографски развој и квалитетен човеков капитал. Оваа определба бара мерки и методи за создавање еднакви можности за реализација на посакуваната репродуктивна состојба и рамноправен пристап до сите информации, здравствена заштита, образовни и други служби поврзани со демографскиот развој на сите социјални групи. Основни делови на политиката за постигнување на социјална кохезија во општеството се

обезбедувањето на услови за целосно вклучување на ранливите групи (децата, социјално исклучените лица, лицата со инвалидитет)и зацврстување на солидарноста меѓу генерациите со цел развивање и одржување на рамноправноста меѓу различните генерации.

<u>**Специфична стратешка цел 1**</u>

**Забавување на стапката на намалување на населението и создавање на услови за одржлив демографски развој на земјата;**

<u>**Резултат**</u>

**Зголемување на природниот пораст на населението преку создавање соодветни услови за мајчинство и грижа за деца**

<u>**Специфични мерки и интервенции:**</u>

***Поттикнување на раѓање и грижа за децата преку:***

1. Подобрување на системот за финансиска помош за првородено дете

2. Финансиско стимулирање за второродено и треторoдено дете за брачни парови кои потекнуваат од региони во кои стапката на фертилитет е под 2,1 живородено дете на жена.

3. Воведување на повластена стапка на данок за детска облека, обувки, опрема, храна и хигиенски производи за деца.

4. Подобрување на системот за финансиски надомест (платено породилно отсуство, паричен надомест по раѓање на дете, детски и посебен додаток) за охрабрување на семејствата за раѓање на деца.

5. Спроведување на ефикасен систем за контрола на спроведувањето на законите од областа на вработеноста и вработувањето, со акцент на заштитата на бремените жени и младите мајки и самохрани мајки.

6. Утврдување на право за заштита на самохрани невработени родители со деца до десет годишна возраст да добијат право на вработување, надвор од местото на живеење, според прописите за посредување при вработување.

7. Обезбедено користење на правото за породилно отсуство за сите мајки кои не остваруваат право како вработените мајки, во време на законски пропишаното отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство во износ од најмалку 30% од просечната плата во Република Македонија во оние општини-региони кои бележат стапка на фертилитет под 2,1 живородено дете на жена.

8. Обезбедување на пристапна и широко распространета мрежа од детски јасли и градинки, адекватни со модерниот карактер и формите за вработување.

9. Изработка на нови предучилишни стандарди со кои се регулира работата на предучилишните установи во две смени.

10. Поттик за отворање на предучилишни установи и градинки во рамки на големите трговски друштва и корпорации.

11. Подобрување на социјалната инфраструктура и овозможување поволни услови за воспитување и одгледување на децата и нивен социјален развој.

12. Покривање на најголем дел од трошоците за децата кои живеат во сиромашни семејства, давајќи им приоритет да ги покријат трошоците во предучилишните установи,бесплатни оброци,облека и др.

13. Поттикнување на вработувањето на млади невработени родители, кои самостојно се грижат за одгледување на децата и на родителите на децата со посебни потреби.

14. Активности за развој на механизми кои ќе го поддржат комбинирањето на професионалниот со семејниот живот за брачни парови кои имаат мали деца или се грижат за немоќни членови на семејството.

15. Создавање на можности за олеснување на кредитирањето за купување на стан и подобрување на условите за живот за млади брачни парови и семејства со над четири родени деца на национално ниво (во подрачја со ниска стапка на наталитет, со висока стапка на стареење на населението и сл.)

16. Развој на одговорно родителство и еднаквост меѓу половите во грижата за децата.

17. Поттик на единиците на локалната самоуправа да воведат додаток за секое новородено дете.

18. Зголемување на одржливоста на здравствените сервиси за децата и адолесцентите.

19. Зајакнување и унапредување на здравјето на новороденчињата и децата од предучилишна возраст, согласно со постоечките предвидени програмски активности.

20. Зајакнување на улогата и капацитетите на Примарната здравствена заштита во промоција на здрави животни стилови, како што се правилна исхрана физичка активност, превенција на болести и на зависности.

21. Зајакнување на интерсекторска соработка со образовниот и социјалниот сектор заради обезбедување на интегриран и холистички пристап во промоција на детското здравје.

22. Зајакнување на системот на мониторинг на здравствената состојба на децата, особено подобрување на податоците за заштита од хроничните заболувања и состојби во детската возраст, како што се обезитас кај децата , дијабетесот, астмата, повредите и голем број на други состојби кои се

резултат на интеракцијата на генетската предиспозиција, начинот на однесување како и надворешната и социјалната околина во која растат и се развиваат децата.

23. Проценка на ризик факторите и нивото на изложеност на децата на токсини во надворешната средина ( аерозагадување и други фактори ) и зајакнување и примена на мерки за унапредување на животната средина.

24. Обезбедување на поефикасно социјално воспитување и одгледување на децата во случај на неспособност на родителите поради (болест алхохолизам,дрога итн).

***Подобрување на условите за планирање на семејството и мајчинството преку:***

1. Зајакнување на улогата на примарната здравствена заштита во обезбедување на квалитетни здравствени услуги во доменот на репродуктивното здравје, како што е планирање на семејството, превенција и заштита од СПИ, превенција на несакан абортус, обезбедување на адекватна пред и постнатална грижа за мајката.

2. Зголемување на покриеноста и одржливоста на сервисите за репродуктивно здравје и планирање на семејството, посебно во руралните средини.

3. Намалување на стапките на абортус и елиминација на небезбеден абортус преку здравствена промоција, особено кај адолесцентната популација

4. Зајакнување на улогата на примарното здравство во обезбедување на поголем пристап до информации за унапредување на репродуктивното здравје на населението

5. Развивање на мрежи на советувалишта за репродуктивно здравје на младите на ниво на локална заедница

6. Едукација на адолесцентите во училиштата за зачувување на здравјето;

7. Промоција на модерните средства за контрацепција

8. Остварување на подобра контрола на полно преносливите болести;

9. Поттикнување на иницијатива за помош на брачни парови кои се лекуваат од неплодност;

10. Носење на Стратегија за репродуктивно здравје и создавање услови за нејзино спроведување.

11. Унапредување на квалитетот на здравствената заштита и употреба на современа медицинска технологија во третманот на неплодноста.

**<u>Специфична стратешка цел 2</u>**
**Намалување на постоечките регионални демографски диспаритети и создавање на одржлива територијална дистрибуција и квалитет на животот на населението.**

**<u>Резултат</u>**

**Зголемување на нивото и квалитетот на образование и намалување на стапките на сиромаштија и невработеност, особено во руралните и посиромашните средини.**

**<u>Мерки и интервенции:</u>**

***Мерки за поодобрување на пристапот и квалитетот на образованието преку:***

1. Реализација на предложените активности во нацрт -програмата за развој на образованието за физичка достапност на образовните установи на целата територија;

2. Поттикнување на нови активности содржани во нацрт -програмата за развој на образованието за еднакви можности и физичка достапност на образованието на децата со посебни потреби и установи на целата територија;

3. Зајакнување на преземените активности во согласност со надлежните министерства и локалната заедница за организирање, згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст;

4. Унапредување на условите за учење преку реформите во образовниот систем, кој ќе овозможи менување на наставните програми кои не одговараат на барањата на современото општество;

5. Зајакнување на системот за професионално усовршување на постојниот наставен кадар на сите нивоа на образование;

6. Создавање на услови за воспитно-образовна работа и дополнителна обученост за работа со деца со посебни потреби;

7. Учеството на семејството и заедницата во образовниот процес;

8. Стимулирање на приватни инвестиции за подобрување на квалитетот на образованието;

9. Воведување на активности за намалување на осипувањето на децата во процесот на основното и средното образование;

10. Поддршка, поттикнување и олеснување на спроведувањето на принципите и препораките произлезени од Болоњскиот процес во високото образование во Република Македонија;

***Мерки за зголемување на вработувањето и квалитетот на живот, посебно на младите преку:***

1. Проширување на програмите за вработување со цел да се надмине стапката на невработеност меѓу младите во согласност со Националната стратегија за вработување;

2. Воведување на програми за враќање и вработување на младите луѓе кои се образовале во странство;

3. Поддржување на поврзаноста меѓу образовните институции и работодавците за зголемување на можностите на учениците и студентите да се стекнат со работно искуство;

4. Следење на постоечките и охрабрување за воведување на нови политики и активности за обезбедување на работа на млади лица, маргинализирани групи, бездомници, деца кои доаѓаат од социјални институции и деца со ограничени можности за социјална адаптација во согласност со Националната стратегија за вработување;

5. Подобрување на условите за работа и квалитет на вработеноста.

6. Заштита на жената за време на раѓањето и родителството, преку создавање на олеснувања за дополнително отсуство од работа поради родителско отсуство за одгледување на деца по истекот на платеното отсуство во Законот за работни односи.

**<u>Резултат</u>**

**Намалување на стапките на миграции**

**<u>Мерки и интервенции:</u>**

***Мерки за создавање на активна миграциона политика преку:***

1. Проширување на активни програми и мерки на пазарот на труд насочени кон намалување на невработеноста на младите генерации под триесет годишна возраст насочени кон посебни критични групи на млади луѓе.

2. Поттикнување и субвенционирање на основање на производни и трговски друштва, мали и средни претпријатија, семејни бизниси и други облици за вработување на населението во подрачјата изложени на иселување, забрзано стареење и ретко населените подрачја.

3. Поттикнување за развој на одредени региони и насочување на трендот на внатрешната миграција.

4. Спроведување на мерки и програми, поттикнувајќи го враќањето на младите луѓе кои дипломирале надвор од државата, именувајќи им државни административни позиции (особено во единиците кои работат на европската интеграција).

5. Развивање на емиграционата политика, привлекувајќи граѓани на Р.Македонија кои живеат и работат во странство со цел префрлување на нивниот бизнис и работење во земјата.

6. Ревизија и адаптација на постоечката легислатива во областа на емиграцијата.

7. Активирање на сфери за соработка со емигрантите од земјата кои живеат во странство.

8. Спроведување на активни политики за стимулација за враќање на мигрантите во земјата.

**<u>Специфична стратешка цел 3.</u>**

**Намалување на постоечките разлики и нееднаквостите помеѓу населението со цел да се зголеми социјалната кохезија во земјата.**

**<u>Резултат</u>**

**Создавање на услови за еднакви можности и квалитет на живот помеѓу мажите и жените**

**<u>Мерки и интервенции:</u>**

***Мерки за еднакви можности помеѓу мажите и жените преку:***

1. Преземање на мерки за остварување на рамноправноста на жената и мажот, нивниот придонес во економијата, достапност на економските ресурси, вреднување на трудот, заштита од дискриминација по основа на родот преку почитување на начелото на еднаквост на пристап на пазарот на работна сила, еднаква платеност за еднаков труд, итн;

2. Стимулирање на жената за дообразување, стручно оспособување и преквалификација во селските средини

3. Превенција од раното напуштање на школувањето на девојчињата, посебно од етничките и руралните средини

4. Унапредување на поделбата на одговорностите на жената и мажот во семејството и грижа за членовите на семејството во смисла на потполна рамноправна распределба на одговорноста, преку развивање на соодветна поддршка на семејството и услуги кои се потребни во семејството;

5. Следење на индикаторите на Националниот план за акција за родова рамноправност, кои се однесуваат на зголемено вработување на жената, анализа на оствареното и унапредување на постоечките програмски активности на Стратегијата за надминување на постоечката состојба во економската активност на жената;

6. Унапредуавње и ефикасно спроведување на законската регулатива, институционална заштита, координација и соработка во борбата против насилството врз жената со цел да се спречи злоупотребата и насилството над жените и да се овозможи соодветна заштита на жртвите од насилство на сите нивоа.

7. Превенција и заштита на жртвите на трговијата со жени и деца;

8. Елиминирање на родовите стереотипи во образованието и обуката, кои често ги сместуваат жените на работни места помалку вреднувани и наградени.

**<u>Резултат</u>**

**Создавање услови за подобрување на статусот, квалитетот и очекуваното траење на живот на старото население**

**<u>Мерки и интервенции:</u>**

***Мерки за подобрување на квалитет на живот на старото население преку:***

1. Поддршка на иницијативите за подобра интеграција на старите луѓе во општеството;

2. Подобрување на социјалната, економската, политичката и културната положба на старите луѓе и улогата на старите луѓе;

3. Подобрување на интеграцијата на старите луѓе и охрабрување за нивно активно вклучување во заедницата и поттикнување на меѓугенерациските односи;

4. Следење на индикаторите на сиромаштијата кај старите лица, анализа на оствареното и унапредуавње на постоечките програмски активности на Стратегијата за надминување на сиромаштијата;

5. Поддршка на семејствата со стари лица и помош на старите луѓе во нивното опкружување;

7. Обезбедување на квалитетен живот за старите луѓе кои живеат во специјализирани институции;

8. Обезбедување можности на старите луѓе за рекреација, спорт, туризам и учество во културниот живот;

9. Приоритетен развој на обучување на социјални и здравствени работници за специјална нега на старите луѓе.

***Мерки за создавање на услови за здраво и достоинствено стареење на населението преку:***

1. Промовирање на здрави навики за живот;

2. Унапредување на квалитетот на здравствените услуги наменети за старите лица преку препознавање и соодветен терапевтски одговор на мултипните заболувања кај старите лица;

3. Промоција на геријатриската медицина, како значаен сегмент во интегрираната здравствена и социјална заштита на стари луѓе, по пат на јавни приватни партнерства;

4. Зајакнување на улогата на здравствениот сектор во домашното лекување на стари и изнемоштени лица;

5. Учество на здравствениот сектор во обука на помладите членови од семејството во зајакнување на нивната улогата за спроведување на палијативна грижа за изнемоштени и стари лица во домашни услови како дел од интрегенерациската солидарност;

**Резултат**

**Создавање услови за еднакви можности на квалитетот на животот**

**Мерки и интервенции:**

***Мерки за подобрување на квалитетот на животот во недоволно развиените региони преку:***

1.Дефинирање и создавање услови за поддршка на инвестиции и вработувања

2. Подобрување на територијалната инфраструктурна покриеност и комунални услуги

3. Зајакнување на улогата на поливалентната патронажна служба во обезбедување на поголем пристап до информации за унапредување на репродуктивното здравје на населението во социјално маргинализирани подрачја.

4. Зајакнување на здравствената мрежа на установи

5. Развивање на политики за платена работа во домашни услови

6. Селектирање и спроведување на приоритетни мерки за унапредување на социјалните услуги на установите

7.. Следење на индикаторите на сиромаштијата во недоволно развиените региони преку анализа на оствареното и унапредување на постоечките програмски активности на Стратегијата за надминување на сиромаштијата;

8. Поддршка и иницирање на активностите за подобрување на образовната структура

9. Зголемена информираност, како предуслов за менување на животните навики за вклучување во новите текови на живеење

## ЧЕТВРТИ ДЕЛ:
## СПРОВЕДУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

### *4. Претпоставки врз кои се базира спроведувањето на Стратегијата*

Успешноста во постигнувањето на горенаведените цели и политики се заснова врз следниве претпоставки:

1. Материјалниот статус и квалитетот на животот на семејството се клучни фактори во создавањето и одгледувањето на децата.
2. Во услови на зголемување на економската активност и трансформација на економскиот пораст во креатор на работни места, зголемување на животниот стандард на населението, создавање подобри социјални и економски услови и зголемувањето на еднаквоста во семејството, можностите за охрабрување за раѓање и одгледување на деца, ќе се зголемат.
3. За создавање на поволни услови за демографски развој на земјата ќе се обезбеди адекватна финансиска основа која ке овозможи преиспитување и адеквација на финансиските компензации и социјалната помош од страна на државата наменети за одгледување и воспитување на децата, за децата во најсиромашните семејства, поддршка на младите брачни парови да се вработат, сопствено живеалиште, итн.
4. Текот и динамиката на утврдувањето и спроведувањето на одделните мерки ќе биде во тесна корелација со измените во конкретните закони кои ја уредуваат таа област.
5. Видот на конкретните активности по однос на мерките треба поконкретно да бидат утврдени во одделни акциони планови по соодветни области, каде ќе бидат дефинирани носителите на активноста и изворите на средства.

### 4.1. Институционална рамка за спроведување на Стратегијата за демографски развој

Особено важен момент за спроведување на Стратегијата за демографски развој е безрезервната поддршка од страна на Владата на Република Македонија. Спроведувањето на Стратегија бара целосна соработката меѓу министерствата и институциите во системот, соработката на државните институции и соработката меѓу државната и локалната власт.

Институции кои би биле вклучени во реализација на Стратегијата за демографски развој на Република Македонија се[9]:

***КЛУЧНИ ИНСТИТУЦИИ И ФАКТОРИ ОДГОВОРНИ И СПОСОБНИ ДА ЈА СПРОВЕДУВААТ СТРАТЕГИЈАТА***

***Министерството за труд и социјална политика:***

Носител на активностите за спроведување на Стратегијата. Одговорна институција за организирње, координирање, и контролирање на конкретните акции поврзани со Стратегијата, набљудување и оценување на спроведувањето на Стратегијата, одобрување на извештаите за извршената работа и препорака за дополнителни активности.

***Министерството за образование и наука:***

Одговорна институција за следење на спроведувањето во деловите од Стратегијата кои се однесуваат на образованието и доживотното учење.

***Министерството за здравство:***

Задолжено за следење на спроведување на Стратегијата во делот на пристапот до здравствените услуги, репродуктивното здравје и здравјето на мајките и децата.

***Министерството за транспорт и врски*** задолжено за следење на спроведувањето на Стратегијата во делот на пристапот на домување на населението за квалитетен живот.

***Министерството за финансии:***

Задолжено за формирање на адекватен буџет за реализација на Стратегијата и изготвување на акциони планови во делот на даночната политика.

***Министерството за локална самоуправа*** е одговорно за теми поврзани со развојот на населението на локално ниво и е задолжено за преземање на активности предвидени во Стратегијата во насока на рамномерен регионален развој.

***Државниот завод за статистика:***

Задолжена институција за методологијата на собирање на податоците, прогнозите и органзирањето на потребните статистички истражувања.

За успешно спроведување на Стратегијата потребна е и соработка и партнерство со други институции на локално ниво, стопански организации, невладиниот сектор и научни институции во Република Македонија.

Министерството за труд и социјална политика како носител на оваа Стратегија, доколку смета дека е потребно може да вклучи и други министерства во изготвување на акционите планови и реализација на Стратегијата.

---

[9] Шематски приказ на институционалната рамка за спроведување на Стратегијата за демографски развој на Република Македонија е даден во Слика 6.

***Улогата на невладините организации*** е особено важна во делот што се однесува на анимирање на темите поврзани со развојот на населението во јавноста и зголемување на сензибилноста на јавноста кон темите поврзани со населението, но и за барање на одговорност во работата на институциите кои се задолжени за преземање на активности предвидени во Стратегијата за демографски развој.

***Слика 6: Институционалана рамка за спроведување на Стратегијата за демографски развој на Република Македонија***




### *4.2. Финансирање*

За успешно спроведување на Стратегијата потребно е воспоставување на ефикасен систем на финансирање.

Во финансирањето ќе учествуваат:

- Буџетот на државата и буџетите на локалните самоуправи;
- Наменски средства од разни фондови на Република Македонија;
- Средства од невладините организации;
- Донаторски програми за помош и други форми на меѓународни финансиски институции.

Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство и Министерството за транспорт и врски во годишните акциони планови ќе ги предвидат фискалните импликации за реализирање на активностите за тековната година во рамките на вкупните фискални трошоци.

Министерството за финансии е задолжено за формирање и овозможување на соодветен буџет за успешна реалзација на акционите планови.

### *4.3 Следење на спроведувањето на Стратегијата*

Следењето на спроведувањето на Стратегијата е особено клучен процес кој следи по усвојувањето на Стратегијата. Од особена важност е изработка на годишни акциони планови[10] за реализирање на Стратегијата, потоа политичка поддршка и посветеност на Владата, обезбедено финансирање, следење и ревизија.

Во акционите планови ќе бидат разработени конкретните мерки и активности за постигнување на предвидените цели и насоки дадени во Стратегијата.

Во акционите планови ќе бидат дополнително определени индикаторите за да се следи прогресот и спроведувањето на Стратегијата. Потребните индикатори ќе бидат развиени врз основа на приоритетите во следењето и евалуацијата. Бидејќи во спроведувањето на Стратегијата ќе бидат вклучени многу субјекти, секој од нив ќе развие индикатори од сопственото подрачје.

Меѓутоа, основната цел на следењето и оценувањето на Стратегијата е да обезбеди ефикасност, ефективност и одржливост на планот и негово спроведување.

Податоците ќе се собираат, анализираат и документираат во соодветни интервали и ќе се дистрибуираат до одговорните институции за да се информираат и изготват планови за следните активности, во смисла на подобрување во содветната област.

Во рок од 3 месеци по донесувањето на Стратегијата, да бидат изработени акциони планови од страна на работните групи со претставниците од сите заинтересирани сектори, во кој ќе бидат дадени детални насоки, мерки и активности за систематско реализирање на поставените цели.

Насоките и определбите што се зацртани во овој документ, не се фиксни и можат да бидат променети, дополнети и понатаму развивани, за да може да се оствари визијата на овој документ.

Основните индикатори за следење на Стратегијата за демографски развој дадени подолу претставуваат очекувани резултати по кои треба да се следи успехот на Стратегијата во целост. Сите долунаведени индикатори ќе ја земат во предвид поделеноста по региони, место на живеење, родовата, етничката и поделба по други основи.

### *4.4. Основни индикатори за следење на Стратегија за демографски развој 2008 – 2015*

| **Демографски:** |
|---|
| Специфични стапки на раѓања според возраста на жената |
| Специфични стапки на смртност според возраста |
| Стапка на смртност кај мајките |
| Стапка на смртност кај новороденчиња |
| Стапка на смртност кај децата 1- 4 години |
| Нето миграции |
| Индекс на стареење (%) |
| Коефициент на возрасна зависност (%) |
| Коефициент на потенцијална поддршка (%) |

[10]Операционализација на стратегијата и носителите на активностите се дадени во Додаток 1.

| |
|---|
| |
| **Образование:** |
| Процент на население со пристап до градинки |
| Процент на население со пристап до основни училишта |
| Процент на население со пристап до средни училишта |
| Специфична стапка на неписменост (%) |
| Процент на население со високо образование |
| Нето стапка за упис на сите степени на образование |
| Промена во бројот на ученици запишани во средни училишта |
| Промена во бројот на ученици запишани на факултети |
| Промена на процентот на население 25-29 години запишано во високо образование |
| |
| **Зравје и репродуктивно здравје:** |
| Процент на население со пристап до примарната здравствена заштита |
| Доенчиња со ниска телесна тежина |
| Статус на исхранетост на деца во однос на националните стандарди |
| Имунизација против заразни болести |
| Породувања изведени со стручна помош |
| Очекувано траење на живот |
| Индекс на очекувано траење на живот |
| Лица заразени од ХИВ/АИДС |
| Стапка на употреба на средства за котрацепција |
| Стапка на абортуси |
| Случаи на туберкулоза |
| Специфични стапки на смртност според возраст |
| Стапки на морбидитет |
| |
| **Економска активност:** |
| Стапка на невработеност на возраст 24-29 години |
| Долгорочна невработеност во однос на вкупната невработеност |
| |
| **Квалитет на живот** |
| Процент на население кое се наоѓа под линијата на сиромаштија |
| Однос на просечна заработувачка помеѓу мажот и жената |
| Индикатор за нееднаквост (GINI – коефициент) |
| HDI – индекс на човеков развој |
| Индекс на нееднаквост во човековиот развој |

## АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА СТРАТЕГИЈА ЗА ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ

Во периодот на спроведување на Стратегијата (2008-2015), за поставените цели ќе се подготват годишни акциони планови, ќе се оценуваат приоритетите (проектите), институционалните одговорности и временскиот план за спроведување. Врз основа на акционите планови, ќе се адаптираат и годишните финансиски планови, со што ќе се дефинираат финансиските ресурси наменети за спроведување на активностите и изворите на финансирање.

Акционите планови ќе се разработат од носителите на активностите во рок од три месеци од донесувањето на Стратегијата.

Стратегијата ќе биде реализирана со буџетски средства. Ова е сигнал за Владината посветеност за поддршка на ова прашање.

Министерството за финансии се задолжува за формирање и овозможување на соодветен буџет за непречена реализација на сите акциони планови.

| *Област* | *Акциони планови* | *Период за реализација* | *Ностели на активностите* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| *ОБРАЗОВАНИЕ* | *Обезбедување на услови за соодветен пристап до предучилишно, основно и средно образование за сите деца без оглед на нивната регионална, географска, етничка или социјална припадност* | *2008-2009г.* | *Министерство за образование и наука и Министерство за труд и социјална политика* |
| *ОБРАЗОВАНИЕ* | *Обезбедување на квалитетно образование во согласност со модерните текови и методи на учење* | *2008-2010г.* | *Министерство за образование и наука и Министерство за труд и социјална политика* |
| | *Обезбедување на соодветно и квалитетно високо и стручно образование во согласност со потребите за одржлив економски и социјален развој на земјата* | *2008-2011г.* | *Министерство за образование и наука.* |
| *ОБРАЗОВАНИЕ* | *Обезбедување на услови за доживотно учење за да одговори на условите на современото општество карактеризирано со продолжување на очекуваното траење на животот и меѓугенерациската солидарност* | *2008-2012г.* | *Министерство за образование и наука.* |
| *ЗДРАВСТВО* | *Соодветен пристап до здравствените услуги за граѓаните на земјата без оглед на нивната географска, етничка или социјална припадност* | *2008-2009г.* | *Министерство за здравство.* |
| *ЗДРВАСТВО* | *Обезбедување на пристап и достапност на услуги за одржување на репродуктивното здравје на населението* | *2008-2010г.* | *Министерство за здравство.* |
| *ЗДРАВСТВО* | *Обезбедување на пристап и достапност на услугите за одржување на здравјето на детето во согласност со современите стандарди и препораки за подобрување на детското здравје* | *2008-2010г.* | *Министерство за здравство* |
| *ЗДРАВСТВО* | *Обезбедување на пристап и достапност на услуги за здраво и достоинствено стареење* | *2008-2010г.* | *Министерство за здравство и Министерство за труд и социјална политика.* |
| *ЗДРАВСТВО* | *Користење на квалитетни здравствени услуги во согласност со модерните стандарди за здравствена заштита и унапредување на здравјето во земјата* | *2008–2009г. и понатаму континуирано* | *Министерство за здравство* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *ЗДРАВСТВО* | *Обезбедување на квалитет на услугите за одржување на репродуктивното здравје на населението, вклучувајќи ги планирањето на семејството, пред и постнаталната грижа за мајката* | *2008–2009г. и понатаму континуирано* | *Министерство за здравство и Министерство за образование и наука.* |
| *ЗДРАВСТВО* | *Обезбедување на квалитет на услуги за одржување на здравјето на детето во согласност со современите стандарди и препораки за подобрување на детското здравје* | *2008–2009г. и понатаму континуирано* | *Министерство за здравство.* |
| *ВРАБОТУВАЊЕ* | *Зголемено вработување на младите соодветно на нивните професионални квалификации* | *2008–2011г. и понатаму континуирано* | *Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика* |
| *ВРАБОТУВАЊЕ* | *Создавање на услови за еднакви можности и услови на работа помеѓу мажот и жената* | *2008-2010 г.* | *Министерство за труд и социјална политика* |
| *СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ЗДРАВСТВО, ДОМУВАЊЕ* | *Подобрување на квалитетот на животот на старите лица* | *2008–2010год и континуирано* | *Министерство за труд и социјална политика и Министерство за здравство, и Минситерство за транспорт и врски* |
| *СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ОБРАЗОВАНИЕ, ВРАБОТУВАЊЕ* | *Подобрување на квалитетот на животот на жените* | *2008–2010год и континуирано* | *Министерство за труд и социјална политика и Министерство за здравство* |
| *СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ЗДРАВСТВО, ИНФРАСТРУКТУРА* | *Подобрување на квалитетот на животот во руралните области* | *2008–2010год и континуирано* | *Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство и Минситерство за транспорт и врски.* |
| *СИСТЕМ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА* | *Воспоставени мерки за социјална заштита* | *2008–2009год и континуирано* | *Министерство за труд и социјална политика.* |
| *ИНФОРМИРАНОСТ* | *Обезбедена информираност, знаењето, комуникацијата и активното учество на населението во одлуките што влијаат врз нивната положба* | | *Министерство за труд и социјална политика.* |

## АНЕКС НА СТРАТЕГИЈАТА

### Избрани статистички податотоци

Табела А. Селектирани демографски индикатори, Република Македонија

| ***Демографски карактеристики и индикатори*** | ***Година*** | ***Вредност*** |
|---|---|---|
| ***Вкупно население*** | ***2002***<br>***2006*** | ***2.022.547***<br>***2.040.228*** |
| ***Густина на населеност (лица на км$^2$ )*** | ***2002*** | ***78,7*** |
| ***Стапка на природен прираст*** | ***2002***<br>***2006*** | ***3,1***<br>***1,8*** |
| ***Градско население (%)*** | ***2002*** | ***57,8*** |
| ***Коефициент на маскулинитет (машки на 100 жени)*** | ***2002*** | ***100,8*** |
| ***Просечна возраст на населенеито*** | ***2006*** | ***36,2*** |
| ***Население на возраст 0-14 (%)*** | ***2006*** | ***19,2*** |
| ***Население на возраст 15-64 (%)*** | ***2006*** | ***69,6*** |
| ***Население на возраст 65+ (%)*** | ***2006*** | ***11,2*** |
| ***Општи стапки на фертилитет (живородени на 1000 население)*** | ***2006*** | ***11,1*** |
| ***Тотална стапка на фертилитет (раѓања по жена на возраст 15- 49 години)*** | ***2006*** | ***1,46*** |
| ***Општи стапки на умирања (умирања на 1000 жители)*** | ***2006*** | ***9,1*** |
| ***Очекувано траење на живот (во години)***<br>***Машки***<br>***Женски*** | ***2003-2005*** | <br>***71,44***<br>***75,88*** |
| ***Смртност на доенчиња (на 1000 живородени)*** | ***2006*** | ***11,5*** |
| ***Детска смртност (на 1000 живородени)*** | ***2006*** | ***12,9*** |
| ***Смртност на мајката (на 100.000 живородени)*** | ***2006*** | ***3,7*** |
| ***Раѓања со стручна помош (%)*** | ***2006*** | ***99*** |
| ***Општа стапка на склучени бракови (на 1000 жители)*** | ***2005*** | ***7,1*** |
| ***Општа стапка на разведени бракови (на 1000 жители)*** | ***2005*** | ***0,8*** |
| ***Нет миграции*** | ***2005*** | ***-758*** |
| ***Стапки на абортус (на 100 породувања)*** | ***2005*** | ***28,3*** |

***Извор:Државен завод за статистика***

**Табела 1: Вкупно население и густина на населеност според региони, Република Македонија: 1994-2006**

| Држава / Региони | 1994 | | 2006 | |
|---|---|---|---|---|
| | Вкупно население | Густина на насе-леност | Вкупно население | Густина на насе-леност |
| Република Македонија | 1945932 | 75,7 | 2040228 | 79,3 |
| Пелагониски регион | 242614 | 51,4 | 236088 | 50,0 |
| Вардарски регион | 131035 | 38,6 | 133184 | 39,3 |
| Североисточен регион | 163841 | 71,0 | 173982 | 75,3 |
| Југозападен регион | 212856 | 63,7 | 222385 | 66,6 |
| Скопски регион | 545228 | 301,1 | 590455 | 326,0 |
| Југоисточен регион | 168481 | 61,5 | 171972 | 62,8 |
| Полошки регион | 280352 | 116,0 | 310178 | 128,4 |
| Источен регион | 201525 | 48,1 | 201984 | 48,3 |

*Извор: Државен завод за статистика*

**Табела 2: Просечна старост, индекс на стареење и стадиуми на демографско стареење, Република Македонија: 1948-2006**

| Година | Просечна старост | Индекс на стареење | Стадиум на стареење |
|---|---|---|---|
| 1948 | 26,1 | 17,0 | Демографска зрелост |
| 1953 | 25,9 | 17,0 | Демографска зрелост |
| 1961 | 26,6 | 17,0 | Демографска зрелост |
| 1971 | 27,8 | 20,0 | Демографска зрелост |
| 1981 | 29,6 | 24,0 | Демографска зрелост |
| 1994 | 32,8 | 39,0 | Праг на демографска старост |
| 2000 | 34,2 | 46,0 | Праг на демографска старост |
| 2006 | 36,2 | 58,1 | Демографска старост |

*Извор: ДЗС*

**Табела 3: Тоталните стапки на фертилитет според региони, Република Македонија: 1994-2006**

| Држава / Региони | 1994 | 1996 | 2000 | 2006* | 2010-2015** | 2015-2020** | 2020-2025** | 2045-2050** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 2,1 | 1,9 | 1,7 | 1,5 | 1,38 | 1,43 | 1,48 | 1,73 |
| Пелагониски регион | 2,0 | 1,7 | 1,6 | 1,5 | - | - | - | - |
| Вардарски регион | 1,8 | 1,9 | 1,6 | 1,4 | - | - | - | - |
| Североисточен регион | 2,3 | 2,2 | 2,0 | 1,5 | - | - | - | - |
| Југозападен регион | 2,3 | 2,0 | 1,5 | 1,3 | - | - | - | - |
| Скопски регион | 2.0 | 1,9 | 1,7 | 1,6 | - | - | - | - |
| Југоисточен регион | 2,0 | 1,7 | 1,7 | 1,4 | - | - | - | - |
| Полошки регион | 2,5 | 2,2 | 1,7 | 1,4 | - | - | - | - |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Источен регион | 1,8 | 1,6 | 1,5 | 1,3 | - | - | - | - |

Извор: ДЗС, Демографска статистика по региони, 1994-2004; *ДСЗ, Статистички годишник на Република Македонија 2006; ** United Nations (2006) World Population Prospects The 2006 Revision; "-" нема податоци.

**Табела 4: Природен прираст и стапка на природен прираст на населението во Република Македонија: 1994-2002**

| Регион | Индикатор | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. Македонија | пр. прираст | 15772 | 13717 | 13064 | 10457 | 10011 | 8341 | 9083 | 7393 | 6288 | 5783 | 5417 | 4076 | 3609 |
| | Стапка | 8.1 | 7.0 | 6.6 | 5.2 | 5.0 | 4.1 | 4.5 | 3.6 | 3.1 | 2.9 | 2.7 | 2.0 | 1.8 |
| Пелагониски | пр. прираст | 721 | 378 | 275 | -39 | -146 | -105 | -47 | -163 | -557 | -480 | -553 | -557 | -512 |
| | Стапка | 3.0 | 1.6 | 1.1 | -0.2 | -0.6 | -0.4 | -0.2 | -0.7 | -2.3 | -2.0 | -2.3 | -2.4 | -2.2 |
| Вардарски | пр. прираст | 599 | 554 | 650 | 380 | 403 | 356 | 355 | 238 | 226 | 201 | 195 | -12 | 41 |
| | Стапка | 4.6 | 4.2 | 4.9 | 2.9 | 3.0 | 2.7 | 2.7 | 1.8 | 1.7 | 1.5 | 1.5 | -0.1 | 0.3 |
| Североисточен | пр. прираст | 1376 | 1224 | 1418 | 1006 | 1027 | 1125 | 1060 | 730 | 752 | 722 | 693 | 410 | 365 |
| | Стапка | 8.4 | 7.4 | 8.5 | 6.0 | 6.1 | 6.6 | 6.2 | 4.3 | 4.4 | 4.2 | 4.0 | 2.4 | 2.1 |
| Југозападен | пр. прираст | 2130 | 1832 | 1731 | 1372 | 1245 | 1001 | 805 | 706 | 511 | 525 | 385 | 283 | 283 |
| | Стапка | 10.0 | 8.5 | 7.9 | 6.2 | 5.6 | 4.5 | 3.6 | 3.1 | 2.3 | 2.4 | 1.7 | 1.3 | 1.3 |
| Скопски | пр. прираст | 4600 | 4092 | 3980 | 3555 | 3445 | 2879 | 3374 | 3225 | 3059 | 2634 | 2571 | 2576 | 2271 |
| | Стапка | 8.4 | 7.4 | 7.2 | 6.3 | 6.1 | 5.1 | 5.9 | 5.6 | 5.3 | 4.5 | 4.4 | 4.4 | 3.8 |
| Југоисточен | пр. прираст | 1289 | 1168 | 838 | 876 | 740 | 634 | 690 | 575 | 532 | 532 | 484 | 221 | 179 |
| | Стапка | 7.7 | 6.9 | 4.9 | 5.1 | 4.3 | 3.7 | 4.0 | 3.3 | 3.1 | 3.1 | 2.8 | 1.3 | 1.0 |
| Полошки | пр. прираст | 4160 | 3678 | 3571 | 2857 | 2865 | 2185 | 2406 | 1898 | 1544 | 1626 | 1594 | 1392 | 1191 |
| | Стапка | 14.8 | 12.9 | 12.3 | 9.7 | 9.6 | 7.3 | 7.9 | 6.2 | 5.1 | 5.3 | 5.2 | 4.5 | 3.8 |
| Источен | пр. прираст | 897 | 791 | 601 | 450 | 432 | 266 | 440 | 184 | 221 | 23 | 48 | -237 | -209 |
| | Стапка | 4.5 | 3.9 | 3.0 | 2.2 | 2.1 | 1.3 | 2.1 | 0.9 | 1.1 | 0.1 | 0.2 | -1.2 | -1.0 |

*Извор: ДЗС*

***Табела 5: Макроекономски показатели, Република Македонија: 1998-2006***

| Макроекономски индикатори | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бруто домашен производ | | | | | | | | | |
| - стапка на реален раст | 3,4 | 4,3 | 4,5 | -4,5 | 0,9 | 2,8 | 4,1 | 4,1 | 3,7 |
| - тековни цени, во милиони денари | 194.979 | 209.010 | 236.390 | 233.841 | 243.970 | 251.486 | 265.257 | 286.620 | 308.772 |
| - милиони САД долари (номинален) | 3.581 | 3.674 | 3.588 | 3.437 | 3.769 | 4.631 | 5.368 | 5.815 | 6.329 |
| - милиони САД долари (ПАРЕ методологија) | 3.575 | 3.730 | 3.899 | 3.723 | 3.872 | 4.119 | 4.928 | 4.519 | - |
| - милиони ЕУР (номинален) | | | 3.893 | 3.839 | 4.001 | 4.105 | 4.325 | 4.676 | 5.046 |
| Инфлација (трошоци на живот, просек) | -0,1 | -0,7 | 5,8 | 5,5 | 1,8 | 1,2 | -0,4 | 0,5 | 3,2 |
| БДП Дефлатор | 1,4 | 2,7 | 8,2 | 3,6 | 3,4 | 0,3 | 1,3 | 3,8 | 3,8 |
| Плати (месечен просек, нето) | | | | | | | | | |
| - номинален пораст | 3,7 | 2,9 | 5,5 | 3,5 | 6,9 | 4,8 | 4,0 | 4,0 | 7,3 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - реален пораст | 3,8 | 3,6 | -0,3 | -2,0 | 5,1 | 3,6 | 4,4 | 3,5 | 4,1 |
| Пораст на вработеноста (во %) | 5,4 | 1,0 | 0,8 | 9,0 | -6,3 | -2,9 | -4,1 | 1,5 | 4,3 |

*Извор на податоци: Министерство за финасии и ДЗС*

**ТАБЕЛА 6. Стапка на невработеност на населението на возраст 15-64 години**

| Година | Стапка на невработеност |
|---|---|
| 2005 | 37,6 |
| 2006 | 36,3 |
| I/2007 | 36,1 |
| II/2007 | 35,2 |
| III/2007 | 34,5 |

*Извор ДЗС- АРС*

**Табела 7. Стапка на невработеност на жените 15-64 години**

| Година | Стапка на невработеност |
|---|---|
| 2005 | 38,8 |
| 2006 | 37,5 |
| I/2007 | 36,2 |
| II/2007 | 35,7 |
| III/2007 | 37,7 |

*Извор ДЗС*

**Табела 8. Стапка на невработеност на населението на возраст 15-24 години**

| година | Стапка на невработеност |
|---|---|
| 2005 | 62,6 |
| 2006 | 59,8 |
| I/2007 | 59,4 |
| II/2007 | 55,9 |
| III/2007 | 54,6 |

*Извор ДЗС-АРС*

**Табела 9. Стапка на невработеност на возраст 54-64 години**

| Година | Стапка на невработеност |
|---|---|
| 2005 | 27,9 |
| 2006 | 28,4 |
| I/2007 | 27,0 |

| | |
|---|---|
| II/2007 | 29,6 |
| III/2007 | 29,1 |

*Извор ДЗС-АРС*

**Табела 10. Стапка на вработеност на возраст 15-64 години**

| Година | Стапка на вработеност |
|---|---|
| 2005 | 37,9 |
| 2006 | 39,6 |
| I/2007 | 40,0 |
| II/2007 | 40,7 |
| III/2007 | 41,1 |

*Извор: ДЗС- АРС*

**Табела 11. Стапка на вработеност на жените на возраст 15-64 години**

| Година | Стапка на вработеност |
|---|---|
| 2005 | 30,1 |
| 2006 | 30,7 |
| I/2007 | 32,4 |
| II/2007 | 32,1 |
| III/2007 | 32,2 |

## СЛЕДЕЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА НА СТРАТЕГИЈАТА И ПЛАН ЗА КОНТИНУИРАНО ПОДОБРУВАЊЕ

Стратегијата ќе биде остварлива преку целосна реализација на акционите планови во поставените временски рокови.
Во функција на обезбедување на планирана ефикасност на Стратегијата, редовно ( еднаш годишно ) ќе се прави оценка на ефектите и ефикасноста на Стратегијата. Сите идентификувани отстапувања од планираното, ќе бидат сигнал дека Стратегијата треба да биде прилагодена на тековните услови, преку ревизија на целите, активностите и начинот на нивна реализација. Препорачаните подобрувања на Стратегијата по широка консултација и услогласување со сите одговорни институции и засегнати страни, ќе бидат вградени во подобрената Стратегија важечка за наредниот период (една година).

## ЗА КРАЈ

Важноста и потребата за резултати кои треба да произлезат од успешно спроведената Стратегија е ***ПРЕДИЗВИК И ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ ЗА СЕКОЈА ИНСТИТУЦИЈА И СЕКОЈ ГРАЃАНИН.***
Затоа нека широката општествена согласност за определбите, целите, активностите и насоките за нивна реализација биде најбитен предуслов за прифаќање и почеток на спроведување на Стратегијата.
***Наша„награда“ ќе биде посреќно општество!***

**ПРИЛОГ**

***Меѓународни документи***

**Одредници на правото на одржлив развој на населението претставуваат:**

- **Повелба на ОН, 1945 г.**
- **Универзална декларација на човековите права, 1948 г.**
- **Конвенција за заштита на човековите права и на основните слободи на Советот на Европа, 1950 г.**
- **Прв протокол на Советот на Европа кон Конвенцијата за заштита на човековите права и на основните слободи, 1952 г.**
- **Конвенција против дискриминација во образованието на УНЕСКО, 1960 г**
- **Европска социјална повелба на Советот на Европа, 1961 г.**
- **Конвенција која се однесува на мажење, минимум години за мажење и регистрација на бракови, 1962 г.**
- **Конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација на ОН, 1965 г**
- **Пакт за економски, социјални и културни права на ОН, 1966 г.**
- **Меѓународен пакт за граѓански и политички права, 1966 г.**
- **Конвенција бр.138 на ИЛО за минимум возраст за вработување, 1973 г.**
- **Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жените на ОН, 1979 г.**
- **Декларација за правото на развој, 1986 г.**
- **Конвенција за правата на детето на ОН, 1989 г**
- **Виенска декларација и Програма за акција, 1993 г.**
- **Меѓународна конференција за население и развој и Акциони планови за население, Каиро, 1994 г.**
- **Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа, 1995 г.**
- **Конвенција за борба против дискриминацијата во образованието, 1997 г.**
- **Конвенција за заштита на човековите права и на основните слободи на Советот на Европа (ECHR), 1950 г. И Протокол бр. 12, 2000 г.**
- **Пекиншка декларација, 1995 г.**
- **Миленумиските развојни цели, 2000 г.**
- **Лисабонска стратегија, 2000 г.**
- **Стратегија за одржлив развој на ЕУ, 2001 г.**
- **Собрание во Мадрид и акциониот план за стареење, 2002 г**

**Документи донесени од Владата на Република Македонија**

**Стратегијата за демографски развој е усогласена со постоечките секторски стратегии и релевантни документи донесени од Владата на Република Македонија, кои се од значење за демографскиот развој.**

- **Нацрт национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015.**
- **Национална стратегија за здравје на Република Македонија, 2020 , Национална стратегија за вработување, 2010.**
- **Национален акционен план 2006-2008.**
- **Оперативен план за активни политики за вработување за 2007.**
- **Национален план за акција за родова рамноправност.**
- **Стратегија за Ромите во Република Македонија.**
- **Национални акциони планови на декадата за вклучување на Ромите.**
- **Програма за социјална инклузија.**
- **Програма за остварување на социјална заштита за 2007.**
- **Програма за развој за заштита на децата за 2007.**
- **Национална стратегија за ХИВ/СИДА 2007-2011.**
- **Националната стратегија за домување.**